Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.5 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ИЗВОД ОД СОСЕДЕН ДУП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-1919/2 од 13.03.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 154

ДУП: за дел од „Јужен реон -2“

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 3952 од 26.12.1985год

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-4 **КП:**

ДЛ: **М= 1: 500**

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2023.03.13 09:55:12 +01'00'

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2023.03.15 15:20:29 Z

ГРАНИЦА НА ОБХВАТ
ОБЩЕСТВЕН ОБЛЕКТ
ФОНТАНА

ЛЕГЕНДА

ПОСТОЈНИ ОБЈЕКТИ ВКАОПЕНИ ВО УРБ. ПЛАН

ОБЈЕКТИ ВКАОПЕНИ ВО УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН СО ПРЕДВИДЕНА ДОГРАДБА

НОВОПРЕДВИДЕНИ ОБЈЕКТИ ВРЗ ПОСТОЈНИ ОБЈЕКТИ

НОВОПРЕДВИДЕН ОБЈЕКТ СО ГАРАЖА

ОБЈЕКТ ВКАОПЕН ВО УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН И НОВОПРЕДВИДЕНА ГАРАЖА

ОБЈЕКТ ВКАОПЕН ВО УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН СО ПОМОШНА ПРОСТОРИЈА

ОБЈЕКТ СО ДОКАЗИ

ДИ ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ

СТ СПОРТСКИ ТЕРЕН

ТЗ ТРГОВИЈА, ЗАНАЕТЧИСТВО И УСЛУГА

ЗП ЗЕЛЕНО ПАЗАРЧЕ

ПУ ПРЕДУЧИЛИШНА ДЕТСКА УСТАНОВА

С САМОПОСЛУГА

Б БАНКА

ОБЕЛЕЖАНА КАТЕГОРИЈА НА СООДВЕТНА ФАСАДА

Т Е Х Н И Ч К И О П И С
ЗА ДЕЛ ОД МЕСНА ЗАЕДНИЦА "К А Д И Д Е Р Е" II ДЕЛ

Со основниот урбанистички план на град Штип М.З. "Кадидере" е зацртана како таква и постои под името "Васил Доганциски". Таа спаѓа во станбен реон "Центар" каде спаѓаат уште МЗ"Бело Брдо" МЗ"Горно Маало", МЗ"Радански пат"и МЗ"8ми Ноември".

Во станбен реон "Север" спаѓаат МЗ"Баби", МЗ "Сењак", МЗ "Автокоманда",МЗ "Дузлак".

Во станбен реон "Запад" спаѓаат М З "Пребег" и МЗ "Кежовица".

Бидејќи е изработена ревизија на западниот дел од М З "Кадидере" предмет на изработка на оваа ревизија е источниот дел од М З "Кадидере". М З "Кадидере има околу 46 ха површина и на овој простор живеат околу 7000 жители со просечна густина од 152ж/ха.

Делот од М З "Кадидере" на којнсе работи ревизија на урбанистички план ги опфаќа улиците источно од улица "Вите Поп Јорденова", "Мирче Ацев", "Страшо Пинџур", "Младинска", "Љубен Иванов", "Ленинова", "Тодор Колеров", "Стојан Гогов", "2-ри Август" "Ковјак Планина", "Браќа Миладинови"

Досегашна изграденост на просторот на дел од Месна Заедница "Кадидере"

Источниот дел од М З "Кадидере" којнсе разработува се наоѓа помегу улиците на запад "Вите Поп Јорденова", на север ул. "Младинска" на исток Болнички комплекс и нас. "Блок 77" на југ нас. "Мазги". За овој простор постои урбанистички план кој бил донесен 1969 година кој не е во потполност реализиран туку само делумно. Со парцијални ревизии е обезбедена изградба на еден дел на објекти а поголем дел на улици не се реализирани. Причините за нереализирањето на детелниот урбанистички план се опаднатата економска моќ на граѓанството и скапите експропријации на поголем број на стари објекти. Индивидуалните објекти кои се под удар на урбанистичкиот план останале стари, попаѓале бидејќи се градени од слаб материјали а некои од нив се поправани, обновувани, приспособени за живеење. На овој дел присутни се доста помошни простории, шупи, гаражи, доградби, летни кујни и т.н.

Една од причините за нецелосната реализација на урбанистичкиот план е и не постоењето на Основниот урбанистички план, каде се дадени основни елементи на идниот развиток на градот, кој

се усвои во 1984 година. Веднаш по неговото усвојување се пристапи кон ре кон ревизија на постојниот урбанистички план. Инвентаризацијата која беше извршена во ноември 1984 година ги даде следните резултати:

- вкупен број на објекти 425 од кои 153 или (36%) се од добар материјал и квалитетни.
  98 или (23%) со нешто послаб материјал и квалитет
  174 или (41%) се градени слабо квалитетно од кои 23 објекти или 6% се општествени згради, училиште а останатите 95% индивидуали објекти.

Оценка на можности за градба на источен дел
од Месна Заедница "Кадидере"

Во услови на економска стабилизација, неопходно е ревизија на урбанистичките планови, согледување и сведување на урбанистичките планови на што пореални основи. Од таа предпоставка се тргна и при ревизијата на овој дел од урбанистичкиот план. Заради скапите експропријации за реализација на поедини улици и до денес не се изведени. За таа цел новиот урбанистички план ќе ги третира овие улици што пореално и поблиску до реализација со тоа што ги задржува постојните траси со мали проширувања. Еден дел од просторот од оваа разработка согласно основниот план спаѓа во градски центар а тоа е просторот од улицата "Страшо Пинцур" на север до река Отиња каде има и сега објекти од општествен карактер. Со самата оваква концепција сите индивидуални објекти кои се наоѓаат на овој локалитет треба да се експропринираат и на нивно место да се изградат објекти од градски интерес. Останатиот простор од овој дел е претежно становање во индивидуална градба кое со новиот план треба да се рехабилитира обнови и изгради каде има можност за нови градби. Бидејќи источниот дел од М З "Кадидере" заедно со западниот представува и една Месна Заедница повеќе од функциите кој ја карактеризираат една Месна Заедница се предвидени во западниот дел така да во сегашната разработка ќе стане збор за снабдување, детска градинка која би дошло некако поцентрално како би можеле пешачките токови да ја тангираат истата.

За нормално функционирање потребно е доста зеленило за спорт и рекреација и детски игралишта. Секаде каде ќе се јави слободен простор треба да се искористи за зеленило и да не се ангажира за градба како би можело за во иднина да се уредува.

Главни елементи на концепција на детален урбанистички план

Сообраќај:

Со Основниот урбанистички план е зацртана артеријална улица која оди по сегашна улица "Васил Главинов" и продолжува по улица "Страшо Пинџур" до раскрсницата кај градски парк од каде свртува према север преку ново проектиран мост до ул. "Христијан Карпош". Оваа улица е со профил 2(2x3,5)м со тротоар од двете страни од по 3,0м.

Трансферзална врска оваа улица ќе има со десниот брег на Отиња преку новопроектиран мост кој би се вклучил во улица "Јосиф Ковачев". Просторот кој останува северно од оваа улица спаѓа во градски центар. На оваа улица се приклучуваат улица "Вита Поп Јорданова" која има профил 2 x 3 и тротоар од двете страни со различна ширина мин. 1,5 м.Оваа улица продолжува во улиците "Мирче Ацев" и "Ленинова".

Улица "Љубен Иванов" е со профил 2 x 3 и со трасе по постојната. Улица "Страшо Пинџур"се прекинува до зградата на Социјално осигурување. Останатите улици воглавно остануваат по постојните траси со евентуални проширување и обезбедување на паркинг.

Покрај артеријалната улица која го дели градскиот центар од станбената зона од северната страна предвидено е сервисна улица од која се пристапува до сите објекти во градски центар. Покрај оваа улица предвидено е паркинг за околу 140 леки коли. Во главном се задржани сите пешачки пролази. Истите можат да се користат и како колско-пешачки, или тему каде теренот е изузетно стрмен ќе се изведат степеници.

Становање

Во просторот на разработка на детелниот урбанистички план живеат околу 3500 жители, дел во колективни , дел во индивидуални станбени згради. Концепциски гледано целиот овој простор е за станување освен делот кој спаѓа во градски центар каде се сместени општествени функции како што се општински имокружен суд, театар, спортски центар, библиотека и др. Овој простор би се надопунил со уште два објекта со поголема висина од П+10 каде во П и П+1 ќе се јави деловен простор или во колку има потреба и интерес и втори и трети кат би се користел за иста намена а останатите катови за становање со околу 100 стана. Уште 30 сетина стана би се изградиле на иста улица само од јужната страна како би се комплетирале силуетата на оваа улица од јужната страна.

Објект за колективно становање се предвидува на улица "Козјак Планина" позади станбената зграда на ул. "Страшо Пинџур" со висина од ВП+2 со околу 9 стана.

Сите индивидуални станбени објекти кои би се граделе би биле со висина не поголема од П+2.

Општествен стандард

На овој дел од Месна Заедница на просторот кој спаѓа во градски центар постојат објекти со општествени функции како што се Општински и Окружен суд, Народен театар, Народна библиотека, средно текстилно училиште, Управна зграда на ЗИК "Црвена Звезда", спортски центар, зграда на социјално осигурување. За потребите на ЗИК "Црвена Звезда" се предвидува проширување во непосредна близина на постојната зграда. Деловен и трговски простор се предвидува во објектите на улица "Страшо Пинџур".

Еден од основните елементи со кои се карактеризира една Месна Заедница е детска градинка. Простор за детска градинка нема слободен меѓутоа на просторот до црквата Св. Илија со експропријација на некои објекти ќе се створат услови за локација на детска градинка. Оваа градинка е поблиску до центарот на градот, и се наоѓа меѓу две улици "Вита Поп Јорданове" и "Мирче Ацев" со капацитет од околу 150-200 деца.

За снабдување на населението предвидено е самопослуга на улица "Мирче Ацев" постои самопослуга на ул. "Страшо Пинџур". Во приземјето на објектите на улица "Страшо Пинџур" се предвидува простор за снабдување. Останатите функции кои ги бара една Месна Заедница постојат односно предвидени се во предходниот дел кој беше разработен .

Зелени површини и детски игралишта се предвидени таму каде постојат слободни неангажирани површини, а на улица "Младинска" до Народниот театар постои спортски центар кој би се дополнил со новото урбанистичко решение со зеленило.

Покрај артеријалната улица која минува низ овој дел во тротоарите предвидено е високо улично зеленило а околу новите објекти ниско зеленило.

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

1. Објектите ќе се реализираат со габаритите кои се вцртани во графичкиот дел на локацијата
2. Може да се дозволи проширување на габаритот максимум до 1,ом. во двата правци во колку за тоа има услови
3. Висината на објектите е обележена во графичкиот дел и се однесува на соодветната фасада.
4. Помошни простории, гаражи, подруми треба да се проектираат во склоп на објектот може да се дозволат и надвор од објектот доколку во истиот нема услови за тоа а во дворот постои погодно место.
5. При издавање на одобрение за градба, на парцелите каде треба да се изврши корекција-проширување на улица, пролаз и слично, издавањето на документот треба да биде условено со предходното соодветно одземање на земјиштето.
6. Крововите на сите објекти да бидат коси, освен приземните и приземните делови кои ќе се користат како тераси.
7. При проектирањето на објектите истите да се прилагодат кон условите на теренот и евентуалните гаражи во дворовите по можност да бидат уклопени од една страна.
8. На сите улици, колско-пешачки, и пешачки патеки да се изготви изведбен проект за инфраструктурни објекти.
9. При изведбата на улици и објекти било да се индивидуални или општествени да се обезбеди стучен надзор во текот на целата реализација
10. На сите погодни места особено кај зелените простори и детски игралишта да се постават клупи за седење, песочници.
11. Сите објекти да се проектираат и изведуваат према постојните технички прописи за трусно подрачје од IX степени по MCS скалата.
12. Во колку има опасност од нарушување на стабилноста на објектите со кои граничи објектот кој се гради да се изготви елаборат за заштита.
13. Границите на сопственост во планот се земени по границите од последното авионско снимање. Во случај на нивна неточност ќе бидат извршени корекции на истите преку документите на сопственост во колку тоа е предвидено со планот .

14. Одредбите за реализација се составен дел на детелниот урбанистички план .

29.05.1984
Штии

Р О ЗА УРБАНИЗАМ -ШТИП
Составил,

Дипл.инж.арх. Иљо Наков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-1917/2 од 13.03.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 152

ДУП: дел од Јужен реон -2 дел од УЕ-5

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 07-2369/1 од 04.04.2012год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-4 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

Sonja Gjeorgievska

Digitally signed by Sonja Gjeorgievska
DN: c=MK, o=OPShTINA ShTIP, 2.5.4.97=VATMK-4029005130584, ou=OPShTINA ShTIP:4029005130584, givenName=Sonja, serialNumber=CRT3652429, sn=Gjeorgievska, cn=Sonja Gjeorgievska
Date: 2023.03.13 09:53:51 +01'00'

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

Lazar Hadji Nikolov

Digitally signed by Lazar Hadji Nikolov
Date: 2023.03.15 15:19:39 Z



ул. "КЕЈ МАРШАЛ ТИТО"
река Отиња
ул. "СТРАШО ПИНЦУР"
ул. Ген. "МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ"
ул. Мирче Ацев"
HDPE ND=160
Ф=200(250)
Ф=80
Ф=6/4
П+2+Пк
Нмах=10.2м
П+3+Пк
Нмах=13.5м
П+3+Пк
Нмах=16.5м
П+3+Пк
Нмах=13.5м
П+3+Пк
Нмах=13.5м
А1
А2
А2
А2
граница на опфат

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- 5 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- Р.Л. РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- Г.Л. ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- П.Г.Л. ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- По.Г.Л. ПОДЗЕМНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- Л.П. ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- И.Л. ИНФОРМАТИВНА ЛИНИЈА ЗА ПОСТОЈНА ГРАДБА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР, ПЕШАЧКА ПАТЕКА

ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА

- A1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ
- A2 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ
- A3 ГРУПНО ДОМУВАЊЕ
- КОРИТО НА РЕКА ОТИЊА
- Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ТРАФОСТАНИЦА

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРОФИЛ НА СОБИРНА УЛИЦА "ГЕН. МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ"



ПРОФИЛ НА СТАНБЕНА УЛИЦА "СТРАШО ПИНЏУР" И "ЉУБЕН ИВАНОВ"

ТАБЕЛА 2 - Урбанистички параметри на парцелите

Бр парцела	Основна намена	Компатибилна намена	мах. висина	површина на парцела (м2)	П (м2) градба	бруто п(м2) развиена	Процент на изграде-ност %	Коеф. на искори-стеност К	места за паркирање
1	А2	Б1,Б4-40%	(П+2+Пк) Нмах= 10.2м (П+3+Пк) Нмах= 13.5м	708.00	490.00	2250.00	70	3.2	Домув. 12 Делов. 20
1а	Издадено одобрение по ДУП - А1	Б1	П+2+Пк	252.40	/	/	/	/	/
2	А2	Б1,Б4-40%	(П+3+Пк) Нмах= 13.5м (П+4+Пк) Нмах= 16.5м	748.00	522.00	2446.00	70	4.0	Домув. 16 Делов. 27
3	Изведено по ДУП - А3	/	П+2+Пк	531.00	/	/	/	/	/
4	А2	Б1,Б4-40%	(П+3+Пк) Нмах= 13.5м	718.00	415.00	2075.00	58	2.3	Домув. 8 Делов.13
			ВКУПНО:	2 957.00	1 427.00	6 771.00	65.66 просечно	3.16 прос.	Дом. 36 Дел. 60

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Воведен дел

Планската документација е изработена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07, 91/09) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Сл.весник на РМ" бр. 78/06); Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 78/06, 140/07, 12/2009).

Просторот кој е тема на разработка на овој ДУП на дел од нас. "Јужен реон 2", се наоѓа во централното градско подрачје на просторот од камениот мост покрај река Отиња и ул. "Ген. Михајло Апостолски", по улица "Љубен Иванов", на исток и по улица "Страшо Пинџур" на југ, до пред текстилното училиште и камениот мост.

Просторот е изграден и претставува доста старо централно градско јадро со претежно индивидуално домување, објекти кои се во многу лоша состојба, освен новоизградениот објект на ИВЗ кој е изграден по важечкиот ДУП.

Со ГУП на град Штип овој простор претставува централно градско подрачје (дел од У.Е. 5).

Границата на опфатот е прикажана во графичките прикази и зафаќа површина од 0,868 ха.

Сообраќајната поврзаност на локалитетот со другите делови од градот и со градските магистрални правци е многу добра.

Изработката на овие измени и дополнувања на овој ДУП е иницран од сопствениците на објектите кои бараат изградба на станбено-деловни објекти на повеќе парцели и предвидување на поголема катност на објектите. Истите, заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот, како и Генералниот урбанистички план, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката.

Во овој ДУП почитувани се основните начела во процесот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, а тоа се:

- рамномерен просторен развој,
- рационално уредување и користење на просторот,
- услови за хумано живеење и работа на граѓаните,
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет,
- оддржлив развој,
- заштита и унапредување на животната средина и природата,
- заштита на недвижното културно наследство,
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хаварии,
- јавност во постапка за донесување и спроведување на плановите и
- усогласеност со европските нормативи и стандарди во планирањето и уредувањето на просторот.

Урбанистичкото планирање обезбедува зголемување на степенот на хуманост на живеењето и подобрување на условите за работа со плански одредби кои воведуваат повисоки стандарди во однос на постојната состојба или во однос на претходниот урбанистички план.

Урбанистичкото планирање обезбедува хармонизација на просторот со плански одредби за заштита на домувањето и дејностите од јавен интерес со создавање подрачја со иста намена на земјиштето или подрачја со мешани компатибилни намени на земјиштето.

Урбанистичкото планирање обезбедува уредување и хуманизација на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат приватната сопственост и слободното претприемништво на начин кој нема да го повреди или стесни јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање сукцесивно ќе ги зголемува стечените права по однос на сопственоста на градежното земјиште, уредувањето на земјиштето и правата на градење освен ако тоа не е спротивно на јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање има за цел со плански одредби да ја зголемува вредноста на земјиштето, недвижнините и сите други просторни ресурси.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита и развој на државниот и јавниот интерес со плански одредби со кои се утврдува просторна диспозиција за градење и развој на градби од значење на Републиката и градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Урбанистичкото планирање обезбедува заштита на недвижното културно наследство, животната средина и природата со плански одредби кои ги интегрираат културните и природните блага на подрачјата на планските опфати со што воедно ги прават достапни за луѓето и заштитени од деградација.

2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 0.868 ха и претставува централно градско јадро наменето за градски центар.

Границите на опфатот се движат по :

- од исток по осовината на ул. "Љубен Иванов",
- од север по осовината на река "Отиња".
- Од југ по осовината на ул. "Страшо Пинџур".

1. ОДРЕДБИ НА ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО "ГУП НА ГРАД ШТИП"

ГУП на град Штип ги зацврстува основните поставки за изработка на овој ДУП.

...." 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл.1

1. *Со овие Одредби*

- *се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на Генералниот урбанистички план (ГУП) на град Штип;*
- *се дообјаснуваат некои ставови за чие правилно сваќање и спроведување од текстуалниот и графичкиот дел на планот не можат да се добијат секогаш целосно јасни одговори;*
- *се укажува на надлежните органи за понатамошното донесување на акти низ кои ќе бидат поблиску и подетално согледани и регулирани поедини конкретни зафати во рамките на опфатот на урбаното подрачје на градот;*

- *се утврдуваат глобалните смерници за изработка на планска документација од понизок ред;*

2. *Овие одредби се применуваат во сите фази за разработка и реализација на ГУП и претставуваат негов составен дел.*

2. СТАНБЕНА ЗОНА И СТАНОВАЊЕ

Чл.2

1. *Основен а воедно и најдоминантен вид на градба во станбената зона се станбените згради.*
2. *Во зависност од бројот на становите станбените згради може да бидат индивидуални и колективни.*
3. *Според преовладувачката намена станбените згради може да бидат: чисто станбани, станбено-деловни и деловно-станбени.*

Чл.3

1. *Во поглед на деловната намена во станбено-деловните и деловно-станбените згради првенствено доаѓаат предвид оние кои го сочинуваат таканареченото комплементарен блок на намени на становање (дуќани, продавници, работилници, сервиси и др.), а потоа треба да се предвидуваат деловни простори за обавување на дејности од сите други области, но не и оние кои се карактеристични:*

- *индустриски начин на производство;*
- *големи загадувања на воздухот, почвата и водата;*
- *еманација на непријатни мириси што може да се осеќаат во дворни места и објекти кај непосредните соседи;*
- *бучави кои во дворните места и објектите на соседите се слушаат со интензитет поголем од 60 децибели во повеќекратни перманентни периоди преку денот подолги од 5 минути.*

Чл.4

Во станбената зона може да се предвидуваат и градат и објекти за нестанбена намена, а првенствено оние кои се комплементарни на домувањето (за основно школство, примарна здравствена заштита, институции за деца од предшколска возраст, спортско-рекреативни пунктови и сл.). Исклучени се предвидување и градби на објекти за намени искажани во чл.3 алинеа 1,2,3,4.

Чл.5

Во рамките на станбената зона возможна е градба на објекти со нестанбена намена од пошироко значење (реонско и градско) и тоа првенствено од областа на образованието, културата, трговијата, угостителството, управата, администрацијата и сл. Под услови што ќе произлегуваат од ДУП за соодветен простор што претставува дел од станбената зона.

Чл.6

1. Пренамената на постојните станбени објекти за нестанбена намена во рамките на станбената зона ќе биде дозволена во сите оние случаи што не ќе бидат во спротивност на чл.3 и чл.5 од овие одредби.

Чл.7

1. Нето густина на населеност во рамките на станбената зона на ниво на ГУП, при изработка на детални урбанистички планови претставува бруто густина на населеност во однос на вкупната земјишна површина за која се изработува детален план.

2. При изработка на детални урбанистички палнови за делови од станбена зона, зависно од системот за градба треба да се спазуваат просечните густини на населеност како и просечниот број станови и станбена површина на еден хектар, дадени во поглавјето за домување.

Чл.8

1.Кај станбените, станбено-деловните и деловно-станбените објекти кои имаат висина поголема од 16.00м сметајки од влезот на зградата, задолжително треба да се предвиди лифт,

2. Условот од претходниот став се однесува на новопредвидените објекти.

Чл.9

1. Сите инвеститори на нови станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и други нестанбени објекти се долчни во рамките на парцелите да обезбедуваат паркирни места за леки коли за свои потреби и потребата на деловните соработници. Во се према законските прописи.

2. Кај новопредвидените индивидуални станбени згради и кај реконструкциите мора да се предвиди едно паркирно место во објект и едно паркирно место во рамките на локацијата-дворот. Ако локациските услови не го обезбедуваат овој услов, гардот не презема обврска на таквите инвеститори да им обезбедува паркирни места надвор од нивната локација.

3. За новопредвидени колективни станбени згради мора да се спазува условот на еден стан да се обезбедува најмалку 1,2 парткинг места во рамките на локацијата односно земјиштето што припаѓа на зградата. Ако нема доволно расположиво слободно земјиште, овој услов ќе се исполнува со предвидување на паркирни места во рамките на габаритот на објектот.

Чл.10

1. Заради поквалитетна изработка на деталните урбанистички планови во рамките на станбената зона, територијалните опфати на поедини потцелини треба да се движат во рамките од 15-30ха со отстапување од + - 10%. Тоа е големина на една просечна теоретски согледана планерска единица наречена Месна заедница, во која според вообичаената густина на населението во зависност ос применетиот систем и висини на градба може да се сместат 2500-5000 жители.

2. Во рамките на теоретските согледувања во претходниот став е рационално да се предвидуваат простори и градат објекти за основните комплементарни функции на домувањето во кои влегуваат: основно училиште, претшколски институции, разни видови деловен и продажен простор за секојдсневни услуги, мали неизградени површини за детски, спортски игралишта, скверно зеленило и др.

Чл.11

1. Во централното градско подрачје и на други места во станбената зона, деталните урбанистички планови можат да се изработуваат и вон од наведените големини од претходните членови на овие одредби ако тоа се однесува на плоштади со околните објекти , нивно окружување, улици или делови од улици како посебни амбиентални целини, делови или цел комплекс на чаршијата, друѓи комплекси за кои ќе се оцени дека може и дека е потребно да се изработи посебен детален урбанистички план.

Чл.12

Во деталните урбанистички планови за делови од станбената зона и централното градско подрачје, со нивните одредби за спроведување, попрецизно ќе се обработат условите за реконструкција, доградби, надградби и адаптација на постојните објекти, како и лоцирање на нови.

Чл.13

1.При оценување дали со некоја новопредвидена градежна интервенција се врши битно нарушување на условите за живеење во постојните објекти се поаѓа од следните начелни права:

-право на сонце

-право на непречено владеење со имотот

2. Спред првото начело ниедена градежна интервенција во постојните изградени делови на станбената зона не смее да го намали времето на осончување на ниедна од фасадите на околните објекти во време на зимскиот солстиција во споредба со постојната состојаба, под претпоставка на фасадите на постојните објекти да имаат прозори.

3. Според второто начело треба да се спазува принципот секоја новопредвидена зграда треба да биде лоцирана на една парцела и да има директен контакт со јавната сообраќајна површина т.е. до максимална можна мера да се одбегнуваат службености во располагање со имотот.

4. Наведените ограничувања во став 2 на овој член не се однесуваат на постојните стекнати односи ни на новопроектираните комплекси на неизградени површини. т.е. онаму каде нема постојни објекти па според тоа и непостојат услови за битно нарушување на условите на живеење. Во тие случаи се меродавни концепциите на урбанистичките решенија и диспозициите на објектите дадени во нив..."

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "ЈУЖЕН РЕОН 2" ДЕЛ ОД У.Е. 5 - ШТИП

Опфат помеѓу улиците: "Ген. Михајло Апостолски", "Страшо Пинџур" и "Љубен Иванов"

Врз основа на член 15-а став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05,137/07, 91/09) изработена е оваа **Планска програма** за изработка на Измени и дополнувања на ДУП за дел од нас. "Јужен Реон 2" дел од УЕ. бр.5- Општина Штип опфат помеѓу улиците "Ген. Михајло Апостолски", "Страшо Пинџур" и "Љубен Иванов", со површина од 0.868 ха.

Планската документација се изработува за период од пет години.

Просторот кој треба да се изработи зафаќа дел од централното градско подрачје и постојна станбена зона, наменета за домување и јавни функции.

Цели за изработка на ДУП:

Целите за изработка на овој ДУП е да се обезбеди подобрување на условите за живеење и работа и да се воведат повисоки стандарди во однос на постојната состојба и во однос на претходниот урбанистички план, а согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05,137/07, 91/09) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07 и 12/09) и насоките и одредбите на планот од повисоко ниво (ГУП).

Извод од ГУП:

... Територијалниот опфат на централното градско подрачје со површина од 39 ха е со просторот за реонските функции затоа што се сметаше дека во централното градско подрачје треба да најдат место и објектите и површините за потребите на централниот и јужниот реон во кој се содржи централното градско подрачје.

Денешната глобална структура на централното градско подрачје е:

- Јавни функции и објекти и површини од областа на општествениот стандард;
- чаршија;
- делови од градска магистрална и колекторска улична мрежа со соодветни паркирни површини;

- река Отиња;
- колективно домување;
- индивидуално домување.

... 7.2.4. Систем на станбена изградба

Земајки ги во предвид релјефните карактеристики на просторот на кој градот денес е расположен, како и релјефните карактеристики на просторот за перспективниот развој на станбената изградба, рационално е да бидат застапени три вида на станбена изградба:

- Ниска густина на населеност со ниска станбена изградба;
- Средна густина на населеност со спратност до три ката и
- Висока густина на населеност со спратност на објектите преку три ката.

... 18.12.2.1. Основни карактеристики на примарната улична мрежа

Примарната улична мрежа на градот Штип се состои од функционално класифицирани градски улици според функциите "движење" и "опслужување на локации", како и постојниот закон за јавни патишта на Р. Македонија. Тоа се следните улици:

- Градски магистрали со ознака "ГМ"
- Собирни улици со ознака "СУ ".

Во секундарната улична мрежа се вбројуваат станбени и пристапни улици и јавните "отворени" паркиралишта.

Опфатот на планот се дефинира со следните граници:

- од исток по осовината на ул. "Љубен Иванов",
- од север по осовината на река "Отиња".
- Од југ по осовината на ул. "Страшо Пинџур".

Намена на земјиштето и градбите:

Основа за изработка на Планската документација е стратегијата за наменска употреба на земјиштето според оваа Планска програма.
Во дефинираниот опфат да се предвидат објекти со следните класи нанамени:

- Домување во колективни станбени згради -А2, со процентуално учество на компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07 и 12/09);

- Домување во индивидуални станбени куќи - А1 со процентуално учество на компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07 и 12/09);

- Групно домување А3, на местото на кое веќе егзистира, со процентуално учество на компатибилни класи на намена според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07 и 12/09);

- При планирањето на максималните површини за градба да се задоволи условот за потребниот број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07 и 12/09);

- Предметниот опфат го опкружуваат следните улици: собирната улица "Ген. Михајло Апостолски" и станбените улици "Страшо Пинџур" и "Браќа Миладинови". Доколку постоечката сообраќајна инфраструктура не ги задоволува потребите на постојните и идните градби, истите да се планираат согласно Правилниикот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07 и 12/09);

- Инфраструктурните решенија за електрично напојување, водовод и канализација да ги задоволат планираните потреби на новите плански решенија;

- Во рамките на планскиот опфат да се предвидат конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет.

Планот да се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05,137/07, 91/09) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06; 140/07 и 12/09).

Прилог : **Извод од ГУП за дел од У.Е. 5**
Извод од ДУП за дел од У.Е. 5
Ажурирана геодетска подлога

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Наменска употреба на градежното земјиште во планскиот опфат

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП претставува класа на намени - постојно домување (А) и дел од градски центар.

Со предложените Измени и дополнувања на ДУП во границата на опфатот површината е наменета за домување со компатибилни класи на намени кои одат со домувањето.

Простор наменет за домување

Површината на опфатот изнесува 0.868 ха и опфаќа изградено градско јадро претежно со индивидуално домување. На овој простор има предвидено 5 урбанистички парцели. Основната намена - домување во станбени згради (А2) е надополнета со компатибилна класа на намени - мали комерцијални и деловни намени (Б1) и деловни простори (Б4), предвидени се за урбанистичките парцели бр. 1, 2 и 4. Парцела 3 е реализирана по претходниот ДУП и за неа не планираме никакви нови содржини, за парцела 1а е издадено градежно одобрение по важечкиот ДУП.

Максимална височина на градба

Висината на објектите во опфатот ќе се движат различно во зависност постојната состојба на теренот и од која улица се пристапува, а и од намените на објектите. Истата се движи од Нмах=16.50м (П+4+Пк), Нмах=13.50м (П+3+Пк), до Нмах=10.20м (П+2+Пк). Нмах ја претставува висината од котата на тротоар или пристапната улица која се зема за нулта точка, па се до завршниот венец на објектот.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/2006; 140/2007, 12/2009) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со димензија на коловозот од 7.0 м и тротоар 2х4.0 м. за ул. "Ген. Михајло Апостолски", димензија на коловозот од 6.0 м и 2х1.5 м тротоар за ул. "Љубен Иванов" и "Страшо Пинџур" кои се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичо планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 78/06, 140/07, 12/2009).

Градежната линија е планска одредба која претставува граница на површината на градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Помошна градежна линија која означува денивелација или друга промена во рамките на површините за градење (во овој случај таа значи вовлекување на приземјето во однос на горните катови) и подземна градежна линија со која се уредува границата на градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната градба и подземната градба може да биде и целата градежна парцела.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите и изградбата на објектите ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење.

Покривањето треба да биде со мансардни коси кровови во кои може да се јави поткровје како корисна површина за домување.

Пристапот до објектите ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со колски приоди за моторни и товарни возила, во зависност од местоположбата и конфигурацијата на теренот.

Паркирањето да биде решено внатре во секоја парцела према нормативите за паркирање.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите за колективно домување потребно е да се постави рампа за движење на инвалидизирани лица.

Сообраќајно решение

Во однос на сообраќајното решение - пристап до овие објекти, тие сите имаат добар пристап од улиците кон кои гравитираат. Колскиот пристап до објектите ќе се одвива исклучиво од улиците од секундарната улична мрежа-станбените улици "Страшо Пинџур", и "Љубен Иванов".

Примарна мрежа на улици: Профилот на собирната улица "Ген. Михајло Апостолски" по ГУП е 7.0 метри со по 4.0м тротоар од двете страни.

Секундарна мрежа на улици: Профилот на станбените улици "Страшо Пинџур" и "Љубен Иванов" изнесуваат 6.0м коловоз и 2х1.5м тротоар.

Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за урбанистичко планирање и стандарди и нормативи на јавните патишта.

Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали кои нема да имаат негативно влијание врз животната средина. Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.

Потребата од паркирање за станарите на станбените објекти ќе се решава исклучиво во сопствените парцели и објекти во подрумскиот или приземниот дел, а потребниот број на паркинг места и димензионирање на истите ќе се врши согласно чл. 57 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урб. планирање (Сл. Весник на РМ бр. 78/06, 140/07, 12/09) .

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Водовод

Снабдувањето на постоечката населба и објекти со вода се врши од постојниот градски водовод. Постоечката водоводна мрежа е постара од 30 години и истата не ги задоволува потребните стандарди. Поради тоа потребно е реконструкција и замена на постоечката инфраструктура со нова која ќе ги задоволи наведените параметри.

Се планира објектите да се водоснабдуват преку новопредвидените линии на улица "Генерал Михајло Апостолски"со профил Ф160 мм Пе100.

Предвидено е и постоечката линја Ф125 мм од салонит се замени со нова. На ул. "Страшо Пинџур" се предвидуват нови приклучоци за постоечките линии со профил Ф 100мм кои формираат прстен.

Се планираат 4 противпожарни хидранти.

Новопредвидените линии се ПЕ 100 НП 16.

Канализациона инфраструктура

Од аспект на нови канализациони линии предвидено е:

- ул."Г.М.Апостолски" - на оваа улица предвидени се три приклучувања во колекторот на река Отиња со профил Ф250. Едното е на раскрсницата со ул."Браќа Миладинови" (поради планираната реконструкција на канализацијата по оваа улица), а другите две на раскрсницата со ул."Љубен Иванов" и на просторот до камениот мост поради приклучување на новопредвидените канализациони линии за новопредвидените објекти и по дефинирањето на котите на приземје
- ул."Љубен Иванов"- планирана е нова канализациона линија со профил Ф200.

- ул."Страшо Пинџур" - На делот од оваа улица од ул."Љубен Иванов" до зградата на Фондот за здравствено осигурување дел од отпадните води ќе бидат приклучени на новопредвидената линија на ул"Браќа Миладинови" додека дел ќе биде приклучен на улиците "Љубен Иванов" и "Г.М.Апостолски".

Напоменуваме дека со проектот не се решавани приклучоците, а со самото тоа не ја исклучуваме можноста од потреба од дополнителни потези меѓу плацевите.

На местата каде има промена на нивелетата и правецот како и места каде се врши приклучување предвидени се ревизиони шахти.

Планирана ел. енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Енергетска инфраструктура

Изградена е ТС во кругот на текстилното училиште која е надвор од овој опфат, но ги напојува објектите кои се во оваа урбана единица.
Со изградбата на новите објекти предвидени со планот, ќе дојде до зголемена потрошувачка на електерична енергија.

Во овој опфат има предвидено трафостаница со важечкиот ДУП, но таа не е реализирана. Со изградбата на станбено-деловните објекти ќе има потреба од изградба на истата.

Улично осветление

Сообраќајниците во локалитетот во поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат металхалогени и живини светилки поставени на бетонски столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообраќајници. Распоредот на уличните столбови и нивните поврзувања ќе се одреди со горенаведениот главен проект.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со изградбата на новите објекти. Со планот за развој на претпријатието и воведување на нови ИСДН линии, АДСЛ, мобилна телефонија ќе се овозможи побрза комуникација и пристап до информациите.

Телефонската мрежа за поврзување на телефонските приклучници со телефонските централи ќе се врши во подземна телефонска канализација и надземна мрежа према потребите на теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонски сообраќај.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот стан-телефон и за јавните функции на секои 50 м2 по два телефонски приклучоци.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучници, треба да биде извршено до најблиската автоматска телефонска централа, а во согласност со А.Д. "Македонски Телекомуникации" - подружница Штип.

Мерки за заштита
Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е со површина од 0.868 ха и е изградена површина.

Основен загадувач на просторот во централното градско подрачје претставува постоењето на моторен сообраќај. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Донесувањето на овие измени и дополнувања на ДУП ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на подобрување на животниот стандард и квалитет на живеење на луѓето, повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Изработката на измените и дополнувањата на овој ДУП е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Плански опфат е подрачје уредено со урбанистички план.
2. Граница на планскиот опфат е планска одредба која се уредува со урбанистички план и е граница на подрачје наменето за градење.
3. Градежно земјиште е земјиште чија што намена и начин на уредување, градење и користење се утврдува со урбанистички план.
4. Градежната парцела е основна и најмала единица на градежното земјиште ограничена со регулаторните линии: граница на градежна парцела и регулациона линија.
5. Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистичкиот план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
6. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
7. Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 78/06, 140/07, 12/2009) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. в. на РМ бр. 78/06) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.
За дадениот плански опфат, за ДУП за дел од УЕ5,ОпШтина штип со површина од 1.45ха, се предвидени мерки за заштита и спасување, врз основа на член 53 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на Р.М бр 36/04 и 49/04) со специјална уредба е одреден начинот и примената на мерките за заштита и спасување. Со оваа уредба се уредува начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето и уредувањето на просторот и населбите во проектите и при изградба на објектите, како и учеството во техничкиот преглед на изградените објекти.

Со изработка на детелниот урбанистички план, во делот што се однесува на мерките за заштита и спасување што се планираат за спроведување, се врши врз основа на процената на загрозеност на опфатот за кој се изработува деталниот урбанистички план.

- **Мерки за заштита и спасување од урнатини**

Заштита од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали објекти.

- **Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето**

Ако во понатамошната обработка техничката документација се јави можност за свлекување на земјиштето треба да се изготви елаборат од извршени геомаханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

е). Мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Мерките и активностите за заштита на животот и имотот на луѓето од пожари опфаќаат отстранување на причините за настанување на пожари, откривање, спречување на ширење и гаснење на пожари, утврдување на причините за настанување на пожар како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар.

Со оглед на тоа дека намената која ќе се обавува во планираниот објект е производство, заштитата од пожари, експлозии и опасно материи е неопходно. Заштитата која ќе биде спроведена треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (сл.весник на РМ бр.36/04; 49/04 и 86/08) и Законот за пожарникарство (сл.весник на РМ бр.67/04)

Доколку се согледа потреба во понатамошната обработка на техничката документација т.е изработката на проект од повисоко ниво, инвеститорот на техничката документација потребно е да се изготви елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари.

Запаливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6м од објектот, на поткровјата во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Физичките лица при употреба на уредите за заштита од пожари се должни да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикуваат пожари или експлозија.

Сопственикот односно корисникот е должен да се грижи за одржување на инсталациите и уредите.

Објектот треба така да е лоциран да се овозможи пристап за пожарните возила со цел да се овозможува полесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување потребно е со изработката на Основен проект да се реши громобранска инсталација.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

ж). Мерки за заштита од воени разорнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на

некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

з). Мерки за заШтита од природни непогоди

Опфатот кој претставува дел од УЕ5, се наоѓа во подрачје за можни потреси со јачина до 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, Што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заШтита, кај изградбата на новите објекти.

8. Економски образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските реШенија

Имајки го во предвид бројот на типот и карактерот на планскиот опфат за дел од УЕ5 Измената и дополнувањето на ДУП-от дава можности во парцелите кои се предмет на разработка да се оформи поголема поврШина за градба. Со ова се зголемува вредноста на постоечкото замјиШте.

Со реализирањето на овој ДУП, Ќе се зголемат активностите во оваа сфера и Ќе се подигне нивото на услуга како и нивото на бруто домаШниот производ кој е индикатор на вкупниот развој на населбата.

9. ОпШти услови за изградба, развој и користење на земјиШтето и градбите кои важат за целиот плански опфат

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува соглсно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежниШтвото и урбанизмот како и овие параметри Што се составен дел на документацијата, во планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод.

9.1 Основен вид на градба во планскиот опфат, согласно ГУП на ОпШтина ш тип се објекти со Основна класа на намена - Домување.

9.2. Во архитектонското обликување на објектите односно објектот покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на градежните. Покрај императивните услови кои призлегуваат од дозволените граници на изгрдба, во компонирање на фасадите треба да се тежне кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на архитектот.

9.3. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

9.4. При планирањето на максималната височина на содржината во урбанистичкиот план за коси терени (над 10% косина) се врШи со назначување на апсолутната кота до која може да се реализира изградбата односно се назначува котата на слемето. За рамните терени

висината се дефенира како висина од тротоар до завршниот венец на објектот.
9.5. Висината на слемето на објектите опфатени со овој план е до над максималната или дозволената висина на изградба.
9.6. Покрај домување предвидени се и компатибилни содржини со дозволен процент согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12;126/12,19/13,95/13, 167/13, 37/14).
9.7. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање), корисникот ќе го решава во рамките на расположивата парцела а во зависност со одредбите на Правилникот за стандард и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12;126/12,19/13,95/13, 167/13, 37/14*).* Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребниот број возила во рамките на парцелата односно објектот.
9.8. При изградба на објектите во просторот да се овозможува непречено движење на инвалидизирани лица.
9.9. Условите за изградба на објектот, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.
9.10. При оформување на содржините се применуват соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворното место.
9.11. Сметот ќе се одлага во индивидуални и заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.
9.12. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на ОпШтината. Локациите мраат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно опШтинска депонија.
9.13. Отсранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоците од технолошките процеси ќе се врши во регионалната (опШтинската) депонија, под услови што ќе ги определи управувачот или сопственикот на депонијата.

10.Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја урбанистичка единица за планирање

10.1 Парцела бр.5.1-В3 јавна институција-театар

- **Група на класа на намени:** В Јавни институции
- **Основна класа на намена:** В3- Култура
- **Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:**
  - Б5(хотелски комплекси) - 49%
  - Б1(мали комерцијални дејности) - 49%
  - Б2(големи трговски единици) - 49%
  - Б4 (деловни намени)-49%

- В1(образование и наука)-49%
- В4 (државни институции)-49%
- Д3 (спорт и рекреација)-49%

- **Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 49%
- **ПоврШина на парцела:** 597.00м^2
- **ПоврШина за градба:** 585,00м^2
- **Бруто поврШина за градба:** 1170.00м^2
- **Број на катови:** П+1
- **Височина на слеме:** Ќе се одредува со Основен проект, но не поголема од 4.5м
- **Процент на изграденост:** 98%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е овозможен од крак на Ул „Брака Миладинови„„
- **Паркирањето** се планира во катна гаража на градежна парцела 5.13.
- **Бројот на паркинг места** Ќе се утврдува со изработка на Основен Проект, но согласно чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13; 95/13, 167/13, 37/14).
- **Кота на приземје** - се задржува на постоечкото приземје.

10.2 Парцела бр.5.2

- **Група на класа на намени:** Б - Комерцијални и деловни намени
- **Основна класа на намена:** Б6- Градба за собири
- **Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:**
  - Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 20%
  - Б5(хотелски комплекси) - 20%
  - Б2(големи трговски единици) - 40%
  - Б3(големи угостителски единици) - 20%
  - Б4(деловни простори) - 20%
  - В2(здравство и социјална заШтита) - 20%
  - В3(култура) - 20%
  - В4(државни институции) - 10%
  - Д3(спорт и рекреација) - 20%
- **Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%
- **ПоврШина на парцела:** 1593.00м^2
- **ПоврШина за градба:** 1473.00м^2
- **Бруто поврШина за градба:** 1473.00м^2
- **Максимална височина:** 12.00
- **Број на катови:** П

- **Процент на изграденост:** 92%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е овозможен од крак на Ул„СтраШb Пинџур „„
- **Паркирањето** се планира во рамките на предвидениот објект со намена комунална супраструктура односно катна гаража јод јужната страна на парцела 5.2. 60 бр.
- **Бројот на паркинг места** Ќе се утврдува со изработка на Основен Проект, но согласно чл.59,60,61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13; 95/13, 167/13, 37/14).
- **Кота на приземје** - постојна
- **Во основниот проект при издавањето на градежно одобрение за ГП 5.2 потребно е освен Законот за градење и правилник за стандарди и нормативи за планирање и проектирање на градби, да бидат применети сите други правилници за термичка, звучна, сообраЌајна и друга структура, противпожарна заШтита, евакуација на посетители, комунална и друга структура.**
- **Во основниот проект при издавање на градежно одобрение за ГП 5.2 потребно е да биде задоволен условот за обезбедување на пристап до задниот дел на театарот (кој лепи со ГП 5.2) во секое време.**

10.3 Парцела бр.5.3 А2-домување во станбени згради

Во планскиот опфат парцелата бр. 3 - задржан е постојниот објект во целост без интервенции, не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.4 Парцела бр.5.3а - А2 домување во станбени згради

Во планскиот опфат парцелата бр. 3а - задржан е постојниот објект во целост без интервенции, не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.5 Парцела бр.5.4 А2 домување во станбени згради

Во планскиот опфат парцелата бр. 4 - задржан е постојниот објект во целост без интервенции, не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.6 Парцела бр.5.5- А2 домување во станбена града

Во планскиот опфат парцелата бр. 5 - задржан е постојниот објект во целост без интервенции, не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.7 Парцела бр.5.6- А2 домување во станбени згради

- А2- Домување во станбени згради
- **Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:**
  - Б5(хотелски комплекси) - 15%
  - Б1(мали комерцијални и деловни намени) - 20%

- Б2(големи трговски единици) - 30%
- Б4(деловни простори) -20%
- В3 (култура) -40%
- В4 (државни институции)-10%

- **Максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%
- **Површина на парцела:** 1394.00м^2
- **Површина за градба:** 999.00м^2
- **Бруто површина за градба:** 10800.00м(без вклучена површина на еркери)^2
- **Максимална височина: Н мах=38.0м**
- **Број на катови:** П+10+пк
- **Височина на слеме:** Ќе се одредува со Основен проект, но не поголема од 4.5м
- **Процент на изграденост:** 70%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е овозможен од Ул „„СтраШо Пинџур„„
- **Паркирањето** се планира во рамките на градежната парцела согласно чл.59,60 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12;126/12,19/13; 95/13, 167/13, 37/14) .
- **Бројот на паркинг места** Ќе се утврдува со изработка на Основен Проект, но согласно чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13; 95/13, 167/13, 37/14).
- **Кота на приземје** - се задржува котата на постоечкото приземје.

10.8 **Парцела бр.5.7-В5** католичка црква

Во планскиот опфат парцелата бр. 7 - задржан е постојниот објект во целост без интервенции, не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.9 **Парцела бр.5.8 А1** домување во семејна куќа

Во планскиот опфат парцелата бр. 8 - задржан е постојниот објект во целост без интервенции, не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.10 **Парцела бр.5.9- А2** домување во станбени згради

Во планскиот опфат парцелата бр. 9 - објектот е во изградба,нема интервенции , не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.11 Парцела бр.5.10- А2 домување во станбени згради

Во планскиот опфат парцелата бр. 9 - објектот е во изградба,нема интервенции , не се предвидуваат услови за идна изградба.

10.12 Парцела бр.5.11

- **Основна класа на намена:** Б1- Мали комерцијални и деловни намени
- **Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:**
  - А1(домување во станбени куќи) - 20%
  - А3(групно домување) - 20%
  - Б4(деловни простори) - 20%
- **Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%
- **Површина на парцела:** 78.00м^2
- **Површина за градба:** 78.00м^2
- **Бруто површина за градба:** 78.00м^2
- **Максимална височина:** 3.5м
- **Број на катови:** П
- **Височина на слеме:** Ќе се одредува со Основен проект, но не поголема од 4.5м
- **Процент на изграденост:** 100%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е овозможен од крак на Ул „Страшо Пинџур„
- **Паркирањето** се планира на надворешниот паркинг Е1 3 места.
- **Бројот на паркинг места** Ќе се утврдува со изработка на Основен Проект, но согласно чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13; 95/13, 167/13, 37/14).

- **Кота на приземје** - се задржува котата на постоечкото приземје.

10.13 Парцела бр.5.12

- **Група на класа на намени:** Б - Комерцијални и деловни намени
- **Основна класа на намена:** Б1- Мали комерцијални и деловни намени
- **Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:**
  - А1(домување во станбени куќи) - 20%
  - А3(групно домување) - 20%
  - Б4(деловни простори) - 20%

- **Максимален дозволен% на учествона збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 40%
- **Површина на парцела:** 130.00м^2
- **Површина за градба:** 130.00м^2
- **Бруто површина за градба:** 260.00м^2
- **Број на катови:** П+1
- **Височина на слеме:** Ќе се одредува со Основен проект, но не поголема од 4.5м
- **Процент на изграденост:** 100%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е овозможен од крак на Ул „Страшо Пинџур„
- **Паркирањето** се планира на надворешниот паркинг Е1 7 места.
- **Бројот на паркинг места** Ќе се утврдува со изработка на Основен Проект, но согласно чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13; 95/13, 167/13, 37/14).
- **Кота на приземје** - се задржува на постоечкото приземје.

10.14 Парцела бр.5.13

- **Група на класа на намени:** Е - инфраструктура
- **Основна класа на намена:** Е2- Комунална супраструктура/катна гаража/
- **Компатибилни класи на намена на основните класи на намена:**
  - Б1(мали комерцијални и деловни дејности) - 15%
  - Б2(големи тргвски единици) - 15%
  - Б3(големи хотелски единици) - 15%
  - Б4(деловни простори) - 15%
- **Максимален дозволен% на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот:** 15%
- **Површина на парцела:** 852.00м^2
- **Површина за градба:** 699.00м^2
- **Бруто површина за градба:** 3495.00м^2
- **Број на катови:** П+4
- **Височина на слеме:** Ќе се одредува со Основен проект, но не поголема од 4.5м
- **Процент на изграденост:** 82%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е овозможен од крак на Ул „Страшо Пинџур„
- **Паркирањето** на компатибилните класи на намена се планира во рамките на градежната парцела согласно чл.59,60 и 61 од

Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12;126/12,19/13; 95/13).

- **Бројот на паркинг места за компатибилните класи на намена** Ќе се утврдува со изработка на Основен Проект, но согласно чл.59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М бр.63/12, 126/12, 19/13; 95/13, 167/13, 37/14). Капацитетот на катната гаража изнесува 140 паркинг места.
- **Кота на приземје** -, во однос на котата на тротоарот на крак на Ул „СтраШо Пинџур„ изнесува +15 см

10.15 Парцела бр.5.14

- **Група на класа на намени:** Е - инфраструктура
- **Основна класа на намена:** Е2- Комунална супраструктура/трафостаница/
- **ПоврШина на парцела:** 106.00м^2
- **ПоврШина за градба:** 60.00м^2
- **Бруто поврШина за градба:** 60.00м^2
- **Број на катови:** П
- **Нмах**=3м до хоризонтален венец на градба
- **Процент на изграденост:** 59%
- **Колски пристап:** Колски пристап на парцелата е овозможен од крак на Ул „СтраШо Пинџур„

Планер соработник:
д.и.а Драгана штерјова

_____

Овластен планер:
д.и.а Илија Наков

_____

II.ПЛАНСКИ ДЕЛ

Содржина:

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОДНОВА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН.....22

1. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ЗА НЕГОВИТЕ КОНТАКТНИ СОСЕДНИ ПРОСТОРИ, НА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПЛАСНКИ ОПФАТ 22
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА.....23
3. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ 23
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ 24
5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ 27
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО И НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА.....27
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ 32
8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА.....32
9. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН.33
10. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ 34
11. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ 37

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. ИЗВОД ОД ВАЖЕЧКИ ГУП
2. ИЗВОД ОД ВАЖЕЧКИ ГУП
3. ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ
4. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА 1:1000
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, НА ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ. 1:1000
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОВОДВИТЕ ОД ВКУПНА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА 1:1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН.....45

1.ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД.....45

2.ПРЕЦИЗЕН ОПИС НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СПОРЕД ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ СО КОИ СЕ СОФПАЃА, РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ, ОСКИ НА УЛИЦИ ИЛИ ДРУГИ ЕКСПЛИЦИТНИ ЛИНЕАРНИ СИМБОЛИ НА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА....45

3.СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ, ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ЗАФАТ И ПРЕДСТАВУВААТ ОБВРСКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ.....45

4. ЦЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН.....46

5.ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО КОЈ СЕ ПОСТИГААТ ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ, СО ОСВРТ НА СИТЕ РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ПЛАНИРАНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА И ОДРЕДБИ.....47

6.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНАТА И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА.....48

7.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ.....57

8.ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ.....67

9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА.....99

10. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ.....108

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ СО ГРАНИЦИ НА ПОВРШИНИТЕ СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО - НАМЕНСКИТЕ ЗОНИ И ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА КЛАСИТЕ НА НАМЕНИ ВО РАМКИТЕ НА ТИЕ ГРАНИЦИ М=1:1000
2. РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН СО ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ, ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА РЕГУЛАЦИОНИТЕ ЛИНИИ ШТО ГИ ОГРАНИЧУВААТ ПОВРШИНИТЕ И КОРИДОРИТЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА М=1:1000
3. ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА И ОФОРМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОДНОСНО ДЕТАЛНА РЕГУЛАЦИЈА СО РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ И ГРАНИЦИ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ И ПОТРЕБНИТЕ ПЛАНСКИ ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ, ОСКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ ВО КОРИДОРИТЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА М=1:1000
4. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИ НА ДЕТАЛНА РЕГУЛАЦИЈА СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ И ОДРЕДЕНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ НА ГРАДБИТЕ, МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ ИЗРАЗЕНА ВО МЕТРИ, МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА СПРАТОВИ М=1:1000
5. СООБРАЌАЕН ПЛАН СО ПЛАНСКО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈНАТА МРЕЖА, ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА И КОТИРАЊЕ НА УЛИЧНИТЕ ПРОФИЛИ, ЕЛЕМЕНТИ ОД ПРОЕКТНО ОБЛИКУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ И КРСТОСНИЦИТЕ М=1:1000
6. НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН СО ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА НА НИВЕЛЕТИТЕ М=1:1000
   НА ПЛАНИРАНИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ И ЈАВНИ ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ
7. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН СО ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА НА СИТЕ КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ М=1:1000
8. ПЛАН НА ЗЕЛЕНИЛО СО ДИСПОЗИЦИЈА И СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ЗЕЛЕНИОТО М=1:1000
9. СИНТЕЗЕН ПЛАН 1 М=1:1000
10. СИНТЕЗЕН ПЛАН 2 М=1:1000

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип

Плански опфат помеѓу улиците:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на реката Отиња;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Браќа Миладинови“;
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Страшо Пинџур“;
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „Љубен Иванов“.

Општина Штип 2024 - 2029

- НАЦРТ ПЛАН -

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОДНОВА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

1. ГЕОГРАФСКИ И ГЕОДЕТСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ЗА НЕГОВИТЕ КОНТАКТНИ СОСЕДНИ ПРОСТОРИ, НА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПЛАСНКИ ОПФАТ

Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип – Нацрт план, е работена во согласност со **Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23 и 171/24) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).**

Предметниот урбанистички план се изработува на површина од **25.561,78 m²**.

Планскиот опфат на кој е вршена потребната анализа за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од север опфатот е дефиниран по осовина на реката Отиња;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Браќа Миладинови“;
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Страшо Пинџур“;
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „Љубен Иванов“.

Границата на извршената анализа на планскиот опфат е дадена и во графичкиот прилог, согласно **геодетки елаборат за геодетски работи** за посебни намени, ажурирана геодетска подлога изработен од ДРУШТВО ЗА КАТАСТАРСКИ И ГЕОДЕТСКИ УСЛУГИ АЛФА - ГЕОДЕТ ПРИМА ДООЕЛ Штип со деловоден број **08-34/23 од 27.03.2023** година и **Известување за електронска заверка** во АКН со број **1110-27/2023** година.

Површина на предметниот плански опфат изнесува **25.561,78 m²**

Граница на планскиот опфат е определена со следните координати:

1	X=	7.599.889,78	Y=	4.622.227,83	15	X=	7.600.082,98	Y=	4.622.187,27
2	X=	7.599.933,84	Y=	4.622.264,51	16	X=	7.600.079,99	Y=	4.622.179,20
3	X=	7.599.941,09	Y=	4.622.270,53	17	X=	7.600.077,13	Y=	4.622.168,49
4	X=	7.599.987,14	Y=	4.622.292,01	18	X=	7.600.073,98	Y=	4.622.166,54
5	X=	7.600.030,58	Y=	4.622.299,90	19	X=	7.600.063,12	Y=	4.622.164,88
6	X=	7.600.080,63	Y=	4.622.296,18	20	X=	7.600.065,50	Y=	4.622.150,71
7	X=	7.600.099,27	Y=	4.622.287,63	21	X=	7.600.025,62	Y=	4.622.151,16
8	X=	7.600.126,23	Y=	4.622.272,11	22	X=	7.600.002,69	Y=	4.622.149,02
9	X=	7.600.126,23	Y=	4.622.272,11	23	X=	7.599.983,64	Y=	4.622.146,37
10	X=	7.600.116,49	Y=	4.622.254,74	24	X=	7.599.962,50	Y=	4.622.140,83
11	X=	7.600.108,90	Y=	4.622.240,89	25	X=	7.599.953,97	Y=	4.622.138,02
12	X=	7.600.101,61	Y=	4.622.227,28	26	X=	7.599.948,11	Y=	4.622.136,66
13	X=	7.600.098,99	Y=	4.622.222,24	27	X=	7.599.927,47	Y=	4.622.173,73
14	X=	7.600.096,38	Y=	4.622.217,48	28	X=	7.599.907,59	Y=	4.622.205,97

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА

Локацијата на предметниот плански опфат се наоѓа во централниот дел на град Штип, на подрачјето на КО Штип 4. Подрачјето е опфатено со постојни урбанистички планови и тоа:

2.1. ИЗВОД ОД ГУП

Според Генералниот урбанистички план за град Штип за плански период 2014-2029 со **одлука број 08-7987/1 од 31.12.2022 година**, издаден со извод број **18-1920/2 од 23.03.2023 година**, од Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина, Општина Штип на предметниот плански опфат **за дел од урбана единица ЈИ 01.05 од ГУП на Град Штип,** се предвидува површина со намена Мешана намена во која влегуваат: **А – Градби за домување и престој на луѓе, намена Б - Комерцијални и деловни намени и со намена В - Јавни дејности и институции).**

2.2. ИЗВОД ОД ДУП

За предметниот опфат не постои важечки ДУП, а ДУП кој бил важешки пред донесување на ГУП на Град Штип за плански период 2014-2029 е **ДУП: дел од"Јужен реон 2" дел од УБ.5, УМ бр.1 и 2**, донесен со одлука **Одлука бр: 0701-2151/1 од 22.12.2004 година, одлука бр: 08-3777/1 од 24.08.2020 година, одлука бр: 08-7908/1 од 28.12.2022** година, издаден со извод број **18-1916/2 од 13.03.2023** година, од Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина, Општина Штип каде се планирани објекти со намена **А – Градби за домување и престој на луѓе, намена Б - Комерцијални и деловни намени и намена В - Јавни дејности и институции**.

2.3. ИЗВОД ОД СОСЕДЕН ДУП

Пред донесување на ГУП на Град Штип за плански период 2014-2029 е важечки урбанистички план надвор од предметниот опфат од источната страна бил **ДУП:Измена и дополнување за дел од УЕ.5, донесен со Одлука 08-5426/1 од 24.06.2016.година,** издаден со број 18-1918/2 од 13.03.2023година, каде се планирани објекти со **намена А1 – домување во куќи**.

Исто така пред донесување на ГУП на Град Штип за плански период 2014-2029 соседен ДУП на западната страна е **ДУП, дел од Јужен реон -2 дел од УЕ-5,** донесен со одлука **07-2369/1 од 04.04.2012год,** за кој сме добиле извод број **18-1917/2 од 13.03.2023год,** од Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина, Општина Штип.

2.4. ИЗВОД ОД ПРЕТХОДНИ ДУП

За предметниот опфат е изработен и план претходно според кој се изградени објектите на судот.

Станува збор за **ДУП: за дел од „Јужен реон -2"** донесен со одлука број **3952 од 26.12.1985год,** за кој имаме добиено извод со број **18-1919/2 од 13.03.2023 год од** Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина, Општина Штип.

3. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

Во граници на планскиот опфат, постојат културни добра. Од Завод за заштита на споменици на културата и музеј, Штип, Р.С. Македонија во писмо број 11-20112 од 10.08.2023 година ни се доставени Заштитно-конзерваторски основи за изработка на овој ДУП.

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Локалитетот се наоѓа близу централно градско подрачје на Град Штип, на подрачјето на КО Штип 4.

4.1 ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Општина Штип се наоѓа во источниот дел на Република Македонија. Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и е во близина на главните поголеми сообраќајници артерии во Република Македонија и на Балканот. Градот и поширокото подрачје зазема простор помеѓу 41 степ. 31мин. 15 сек. и 41 степ. 44 мин. 25 сек северна географска ширина и помеѓу 22степ. 10мин. и 22степ. и 13мин. и с т о ч н а географска должина по Гринич. Го зафаќа просторот околу Исарот со речни површини на река Отиња и река Брегалница. Релјефно поширокиот простор околу градот представува мозаик, ортографски доста разигран (Надморска висина помеѓу 300м. и 435м.). Релјефната структура ја демантира поволната положба на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени во природно погодните простори за комуницирање.

Преку Штип поминуваат правци кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија за што посебно погодува отвореноста на Овче Поле. Природно погодни коридори за комуницирање се правци Овче Поле- Кочанско поле - Делчевско поле на исток и Овче Поле - Криволакавичка котлина-Радовишко поле на југоисток. Споменатите два правца како природно погодни простори за насочување на сообраќајот на Штип му дава висок ранг на системот на населбите во Источна Македонија. Во Релјефната физиономија на територијата која ја зафаќа градот и неговото непосредно опкружување се издвојуваат три целини :

- ридчеста (околу 10%) расположени јужно и источно од постојното градско ткиво,
- падинска (околу 30%) од вкупна површина,
- рамничарска (околу 60%) од вкупната територија на градот, просторот што го зафаќа овој опфат по својата релјефна физономија е ридчеста.

4.2 ГЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ТЕРЕНОТ

Доминантно место во девонска серија заземаат филитичните шкрилци кои на теренот се откриени во мошне големи маси и во однос на другите литолошки членови тие имаат постепени преоди и формираат повеќе синклинални и антиклинални структури со разни димензии. По боја се темно сиви до црни. Главни минерали се кварц, серицит и графитично битуминозна материја. Метапесочниците се нешто помалку распространети од филитичните шкрилци и се јавуваат во разни хоризонтални траги. Тоа се ситно до едрозрнести карпи, темно сиви по боја, составени претежно од кварц, а помалку од преодни асоцијации, на теренот е понекогаш да се издвојат и затоа се третираат како една геолошка средина.

4.3 СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Подрачјето на Штип како дел од Источна Македонија се граничи со две сеизмички зони најмаркантна, а може да се рече најпознати зони на Балканот, Вардарската сеизмогена зона на запад и Струмичката сеизмогена зона на исток. За подрачјето на градот и непосредното опкружување пресметан е долгорочниот максимален степен на очекувани земјотреси, кој изнесува 8° по МКС скала. Бидејќи не постои сеизмичка микрореонизација за овој простор, меродавна е картата на макросеизмичка реонизација. Природно нестабилните и сеизмички неповолните терени - местата каде се сменуваат геолошките формации, треба да се исклучуваат од градежните зафати, а за поголемите инвестициони објекти потребно е извршување на детални инженерско - геолошки и сеизмолошки истражувања на теренот.

4.4 КЛИМАТСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ

Подрачјето на општина Штип се карактеризира со умерено-континентална клима, со одредено влијание на изразито медитеранска клима преку долината на река Брегалница.

4.5 ТЕМПЕРАТУРА

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,00°C. Просечен годишен минимум од 11,70°C и просечен годишен максимум од 14,30°C. Најтопол месец е јули со 24,10°C, а најстуден јануари со 1,30°C. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24-07-2007 година од 43,50°C, апсолутен минимум на температура на воздухот е забележан на 26-01-1954 година од -22,70°C, апсолутно годишно колебање од 76,20°C. Просечната зимска температуре изнесува 2,60°C, пролетната температура изнесува 12,60°C, летната просечна температура изнесува 23,20°C и просечна средна есенска температура изнесува 13,60°C. Просечно есенските температури се повисоки од пролетните. Просечен последен пролетен мраз е на 28-03, апсолутен последен пролетен мраз бил на 28-04-1984год. Просечен прв есенски мраз е на 6-11, а апсолутно последен есенски мраз бил на 16-10-1961год. Мразниот период просечно трае 142 дена. Пејсажите во пониските делови во Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста. Пејсажите во повисоките делови на Плачковица се многу поинтересни, а вегетациоиите, климатските и вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетничко рекреативен простор во Општината. Најинтересни и најважни пејсажи во градот се речните текови на реките Брегалница и Отиња.

4.6 ВРНЕЖИ

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 473,3mm, и тоа најмногу во мај со 56,0mm, а најмалце во февруари 29,8mm, додека апсолутниот максимум на врнежите е забележан на 06-08-2007 година од 77,9MM или l/m^2. Зимскиот период паѓаат просечно 34mm по месец или вкупно за зимскиот период просечно 101,9mm., пролетниот период просечно паѓаат 42,7mm или вкупно за 3, 4, и 5 месец просечно паѓаат 128,2mm, летниот период просечно паѓаат 37,2mm или вкупно за 6, 7 и 8 месец 111,7mm, а во есенскиот период просечно во месеците септември, октомври и ноември паѓаат по 44,3mm или вкупно за сите месеци просекот е 132,9mm. Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%. Број на денови со снег годишно има 19, денови со град има 35, годишен број на денови со магла е 12, просечната снежна покривка изнесува 9,7cm. Просечна должина на траење на периодот со снег е 95 дена. Просечен број на ведри денови е 87, просечен број на облачни денови е 194 дена и просечен број на тмурни денови е 84.

4.7 ВЕТРОВИ

Во Штипската котлина најчест ветер е од северозападниот правец кој дува со честина од 196‰, брзина од 3,6m/s и јачина до 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветар кој е втор по честина од 179‰ и со брзина од 3,8m/s што е најголема брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18‰, 2,9m/s и јачина од 8 бофори. Честината на време без ветар - тишина е 395‰ што значи дека повеќе од третина од денонокието е без ветар.

4.8 ОСОНЧУВАЊЕ

Должината на траењето на сончевиот сјај изнесува 2 376,9 часа годишно или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентации на објектите.

4.9 ВЕГЕТАЦИЈА И ПЕЈСАЖ

Вкупниот впечаток кој од вегетационен аспект го создава пределот е сиромашен, пуст, обесшумен со доминантно земјоделско обележје.

4.10 ХИДРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Терените на кои е распространета општината и неговото непосредно окружување, слабо се издажни со вода, поради што се јавува мал број на извори и мала издашност (до 1l/s) на постоечките. Подземните води се присутни само во алувјиалните седименти, а насоката на природниот одвод го следи движењето на површинските води и речниот тек. Појавите се на длабочина од 0-1m и малку се истражени. Хидрографската мрежа ја чинат река Отиња и река Брегалница. Реката Брегалница во овој дел е типично рамничарска со мноштво на меандри и изразито инундационо корито. Поради ова при големи води доаѓа до изливање на речниот тек вон границите на инундационото корито и предизвикува поплави, па е присутна потреба за регулација на речниот тек. Од посебно значење за градот се појави на термоминерални води во Кежовица, кои имаат лечилишко-балнеолошки особини. Со дупчење на овој локалитет постојат можности за добивање поголеми количини вода и веројатност за нејзина висока температура од досега утврдената (околу 57°C), со што се создава изразита можност за развој на бањскиот туризам.

5. ОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ

Анализата неопходна за утврдување на можностите и погодностите за развој ги опфаќа следниве елементи: културно-историски, демографски, економски, стопански, сообраќајни, законодавно-административни, здравствено-социјални и други создадени вредности и чинители од страна на корисниците.

Човекот се смета како најважен елемент на урбанистичкото планирање, бидејќи се јавува насекаде и е способен да се активира себеси и сè околу себе, со цел да создаде подобар живот во средината каде што живее.

Покрај согледувањата на демографскиот развој, како и факторите кои влијаат на истиот, за целосно согледување на постојната состојба извршена е детална анализа и севкупно истражување и увид на самото место со спроведена инвентаризација на објектите и населението во рамките на планскиот опфат.

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛО И НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место – теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци од ажурираната геодетска подлога.

На земјиштето на предметниот простор со површина од 25.561,78m² постојат следните градби:

ДУП НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ ЈИ 01.05								
Катастарска парцела	**Број на објект**	**Класа на намена**	**Намена на објект**	**Катност на објект**	**Површина на КП m²**	**Површина на градба m²**	**Конструктивен систем**	**Квалитет на градба**
8312/1	/	/	/	/	281,00	/	/	/
8314	1	А1	домување во станбени куќи	Су+П	285,00	109,00	МА	Лоша
8313/2	/	/	/	/	12,00	/	/	/
8313/1	2	А1	домување во станбени куќи	По+П	73,00	30,00	МА	Лоша
	3	/	помошен објект	П		15,00	МО	Лоша

8315	4	А1	домување во станбени куќи	Су+П	67,00	25,00	МА	Лоша
	5	По	помошен објект	П		12,00	МО	Лоша
8320	6	А1	домување во станбени куќи	По+П	277,00	112,00	МА	Лоша
	7	А1	домување во станбени куќи	П		24,00	МА	Лоша
8319	8	А1	домување во станбени куќи	П+1	264,00	81,00	СК	Добра
8318	9	А1	домување во станбени куќи	П+1	255,00	82,00	СК	Добра
	10	По	помошен објект	П		34,00	МО	Лоша
8312/2	/	/	/	/	7,00	/	/	/
8317	11	А1	домување во станбени куќи	П	71,00	46,00	МА	Лоша
8316	12	А1	домување во станбени куќи	Су+П	62,00	48,00	МА	Лоша
8325	13	А1	домување во станбени згради	Су+П	160,00	82,00	СК	Добра
	14	По	помошен објект	П		11,00	МО	Лоша
8324	15	А1	домување во станбени куќи	П	226,00	89,00	МА	Лоша
8327	/	/	/	/	51,00	/	/	/
8341	16	А1	домување во станбени куќи	По+П	172,00	67,00	МА	Лоша
8326	17	А1	домување во станбени куќи	По+П	219,00	133,00	СК	Средна
	18	/	помошни објекти	П		14,00	МО	Средна
8323	19	А1	домување во станбени куќи	П	458,00	86,00	СК	Средна
	20	/	помошни објекти	П		26,00	МО	Лоша
8322	21	По	помошен објект	П	308,00	32,00	МО	Лоша
8344/1	/	/	/	/	335,00	/	/	/
8343	22	По	помошен објект	П	377,00	24,00	МО	Лоша
	23	А1	домување во станбени куќи	Су+П		107,00	БОНДРУ	Лоша
8342/1	/	/	/	/	283,00	/	/	/
8342/2	24	А1	домување во станбени куќи	По+Су+П	159,00	159,00	БОНДРУ	Лоша
8345	25	А1	домување во станбени куќи	По+П+2	562,00	65,00	МА	Лоша
	26	По	помошен објект	П		7,00	МО	Лоша
8420/1	27	По	помошен објект	П	3.771,00	25,00	МО	Лоша
8421	28	В4	јавни институции - суд	По+П+2	1.505,00	1.173,00	СК	Добра
	29	В4	јавни институции - суд	По+П+3		272,00	СК	Добра
8420/2	/	/	/	/	83,00	/	/	/

8311	30	Б1	комерцијални и деловни намени	По+П+1	257,00	185,00	СК	Добра
8310/2	/	/	/	/	37,00	/	/	/
8310/1	31	А1	домување во станбени куќи	По+П+1	566,00	139,00	МА	Добра
	32	Б1	комерцијални и деловни намени	Су+П		369,00	МА	Добра
8416/1	33	В5	верски објекти (џамија)	П	715,00	292,00	МА	Добра
	34	В5	верски објекти (џамија)	П		3,00	МА	Добра
	35	В5	верски објекти (џамија)	П+1		77,00	МА	Добра
8416/2	/	/	/	/	8,00	/	/	/
8418/2	36	/	помошни објекти	П	93,00	17,00	МО	Добра
8418/1	37	А1	домување во станбени куќи	По+П+1	115,00	115,00	СК	Добра
8419/2	/	/	/	/	23,00	/	/	/
8419/1	/	/	/	/	572,00	/	/	/
8424/2	38	Б1	комерцијални и деловни намени	П+3	212,00	212,00	СК	Средна
8417	39	А1	домување во станбени куќи	По+П	90,00	51,00	МА	Лоша
8425	40	А1	домување во станбени куќи	По+П	190,00	73,00	МА	Лоша
	41	По	помошен објект	П		17,00	МО	Лоша
	42	По	помошен објект	П		6,00	МО	Лоша
8424/1	43	А2	домување во станбени згради	П+3+Пк	224,00	224,00	СК	Средна
8422/3	44	Б1	комерцијални и деловни намени	П	29,00	29,00	СК	Средна
8422/2	45	А1	домување во станбени куќи	По+П	96,00	68,00	СК	Средна
8422/4	/	/	/	/	7,00	/	/	/
8422/5	/	/	/	/	8,00	/	/	/
8422/1	46	А1	домување во станбени куќи	По+П	343,00	112,00	СК	Средна
	47	По	помошни објекти	П		26,00	МО	Лоша
	48	По	помошни објекти	П		15,00	МО	Лоша
8423/2	49	А1	домување во станбени куќи	По+П+1	202,00	99,00	МА	Средна
8423/1	50	А1	домување во станбени куќи	По+П+1	101,00	63,00	МА	Средна
8423/3	/	/	/	/	4,00	/	/	/

8439/2	/	/	/	/	12,00	/	/	/
8420/2	/	/	/	/	11,00	/	/	/
8321	51	А1	домување во станбени куќи	П+2+Пк	320,00	177,00	СК	Средна
8344/2	/	/	/	/	11,00	/	/	/
8440/1	52	А1	домување во станбени куќи	По+П	180,00	67,00	МА	Средна
	53	По	помошен објект	П		20,00	МО	Лоша
8439/1	54	А1	домување во станбени куќи	П+1	444,00	103,00	СК	Средна
	55	А1	домување во станбени куќи	П		27,00	СК	Средна
	56	По	помошен објект	П		6,00	МО	Лоша
	57	По	помошен објект	П		4,00	МО	Лоша
8437	58	А1	домување во станбени куќи	Су+П	480,00	66,00	МА	Средна
	59	А1	домување во станбени куќи	П		56,00	СК	Средна
	60	По	помошни објекти	П		22,00	МО	Лоша
	61	По	помошни објекти	П		20,00	МО	Лоша
8439/3	62	А1	домување во станбени куќи	По+П+1+П	125,00	98,00	СК	Средна
8438/1	63	А1	домување во станбени куќи	П	304,00	109,00	МА	Средна
	64	А1	домување во станбени куќи	П		21,00	МА	Лоша
8434/1	65	А1	домување во станбени куќи	По+П+1+П	321,00	139,00	СК	Добра
8435/1	66	А1	домување во станбени куќи	Су+П	203,00	73,00	МА	Лоша
	67	По	помошен објект	П		9,00	МО	Лоша
8434/2	/	/	/	/	4,00	/	/	/
8436	68	А1	домување во станбени куќи	Су+П	337,00	142,00	МА	Средна
	69	А1	домување во станбени куќи	П		31,00	МА	Средна
8441/2	70	А1	домување во станбени куќи	Су+П	27,00	23,00	МА	Лоша
8441/1	71	По	помошен објект	П	208,00	63,00	МО	Лоша
	72	По	помошен објект	П		22,00	МО	Лоша
8438/2	/	По	помошен објект	П	36,00	/	/	/
8342/3	/	По	помошен објект	П	33,00	33,00	МО	Лоша
8420/3	73	Е1.8	трафостаница	П	21,00	21,00	/	/
			ВКУПНО:		**17.292,00**	**6.534,00**		

Табела со податоци од терен

Во предметниот опфат при инвентаризацијата на содржините и функциите на теренот евидентирани се вкупно 71 објекти. Анализата на инвентаризираниот градежен фонд, во поглед на намената на објектите, состојбата на амортизираност, конструктивниот систем во кој се изведени и височината, односно катноста, ги презентира следниве резултати:

Намена на објекти

А1 – куќи за домување
А2 – домување во станбени згради
Б1– комерцијални и деловни намени
Б4 – комерцијални и деловни намени
В5 – јавни институции - суд
В5 – верски објекти и
Е1.8 – трансформаторски станици и подстаници

Состојба на објекти

Објектите кои се со намена домување се со добра и средна состојба, а има и такви кои се во лоша состојба.

Помошните објекти се со средна и лоша состојба.

Конструктивен систем

Конструктивниот систем на објектите е скелетен (СК), масивен (МА) и монтажно – демонтажен (МО).

Висини на објекти

Висината на објектите воглавно е П (приземје) и П+1 до П+4.

ДУП НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ ЈИ 01.05		
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА		
Намена на површина	Површина	Процент
А1 / Домување во станбени куќи	7.754,00	30,33%
А2 / Домување во станбени згради	224,00	0,88%
Б1 / Мали комерцијални и деловни намени	498,00	1,95%
В4 / јавни институции- суд	1.505,00	5,89%
В5 /верски објекти - џамија	715,00	2,80%
Е1.8 / Комунална супраструктура - трафостаници	21,00	0,08%
Е1 /Сообраќајници и тротоари	5.827,00	22,80%
Неизградено градежно земјиште	9.017,78	35,28%
ВКУПНО:	**25.561,78**	**100,00%**

ДУП НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ ЈИ 01.05		
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ (ИЗГРАДЕНО -НЕИЗГРАДЕНО)-		
Намена на површина	Површина	Процент
Изградено земјиште	10.717,00	41,93%
Е1 /Сообраќајници и тротоари	5.827,00	22,80%
Неизградено градежно земјиште	9.017,78	35,28%
ВКУПНО:	**25.561,78**	**100,00%**

На предметниот опфат не изградено земјиште е со 35,28%, а 41.93% е земјиште под градба, дедека останатиот дел од 22,80% се собраќајници и тротоари.

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ

Во согласност со добиените податоци и информации од Управата за заштита на културно наследство со арх.бр. 17-1251/2 од 18.04.2023 год. констатирано е дека на подрачјето на предметниот опфат **ИМА** заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство

Побарани се добиени Заштитно конзерваторски основи од Завод за заштита на споменици на културата и музеј, Штип со писмо за достава на податоци и информации архивски број 11-20112 од 10.08.2023.

8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА И СНИМАЊЕ НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ДОБИЕНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ

8.1. *МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РСМ – УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО*

Во согласност со добиените податоци и информации од Управата за заштита на културно наследство со арх.бр. 17-1251/2 од 18.04.2023 год. констатирано е дека на подрачјето на предметниот опфат **ИМА** заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и тоа:

- Индивидуална станбена куќа на Бајрам Салиовски со утврден статус на заштитено добро со реш. бр. 03-23 од 09.01.1979 год. и дополнување со реш. бр. 1001-35 од 23.02.1994 год.
- Индивидуална станбена куќа на ул. “Страшо Пинџур” бр.15 со утврден статус на заштитено добро со реш. бр. 1001-31 од 23.02.1994 год.,

Значајно културно наследство – со **режим на заштита од втор степен**.

Сходно, во планската документација потребно е да бидат наведени општите и посебни услови за градба како и општите и посебни мерки за заштита на културното добро наведени во Заштитно-конзерваторските основи за детален урбанистички план за дел од Јужен Реон 2 и дел од УЕ 5 – општина Штип изработени од НУ- Завод за заштита на спомениците на култура и музеј – Штип (бр. 07-277/2 од 22.10.2013) а, одобрени од Управата за заштита на културното наследство (УП 17-948 од 14.11.2013).

8.2. *ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ*

Со изработка на Детален урбанистички план за дел од урбана единица ЈИ 01.05 од ГУП на Град Штип, Општина Штип, објектите за кои се планира во планот, ќе влијаат врз димензионирањето на предвидената инфраструктура, поради што планираната инфраструктура треба да ги задоволи идните планирани површини на изградба. Основните планирани решенија на инфраструктурата се превземени од важечкиот ГУП и ДУП за предметниот опфат и се прикажани во графичкиот прилог инфраструктурен план. Освен решенијата од претходниот план, при димензионирање на планирана инфраструктура, земени се во предвид и податоци добиени од надлежни институции.

6.5. ОСНОВНО РЕШЕНИЕ НА ЕЛЕКТРО ИНСТАЛАЦИЈА

Во граници на предметниот плански опфат постојат изградени објекти, со извршени приклучувања на постојната електрична мрежа. Напојувањето на постоечките објекти се реализирала преку постоечки надземен и подземен СН вод 10(20)kV и постојни трансформаторски станици во планираниот опфат.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот. Во случај на потреба за дислокација на водови од градежни парцели, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив. Надземните водови кои се надвор од планираниот опфат остануваат некаблирани со почитување на заштитната зона.

Сите активности за задоволување на потребите од проширување на енергетските карактеристики на објектите во рамките на планскиот опфат се во надлежност на од **ЕВН – Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје**.

6.6. ТЕЛЕКОМУНИЦАСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Според техничките нормативи за одредување на вкупниот број на телефонски приклучоци - **на секоја субјект или станбена единица и припаѓа еден телефонски приклучок**. За овој плански опфат изведено е приклучување на постоечките објекти, кои се обезбедени со комплетна телефонска мрежа која ги задоволува потребите на објектите. Телефонската инсталација треба да ги задоволува критериумите за урбана градска средина. Сите идни планирања и развој на телефонската инсталацијата, треба да се планира и изведе со издадена согласност од **А.Д. Македонски телекомуникации Штип.**

6.7. ВОДОВОДНА МРЕЖА

Согласно постојните важечки прописи за проектирање на комунална инфраструктура, изработени се основни решенија на ваков вид на објекти, усогласени со постојната инфраструктурна мрежа, како и со предвидената водоводна инфраструктура, согласно главните проекти за изградба на идна водоводна мрежа на град Штип.

Сите понатамошни активности, изборот на нов приклучокот, големина на инфраструктурата, треба да биде во согласност со **ЈП Исар – Штип.**

Местоположбата на водовите од водоводната мрежа се предвидува да биде под тротоарите.

Истите се прикажани во графичкиот прилог Инфраструктурен план. Димензиите на профилите на водоводните цевки се добиваат со хидраулична пресметка, со познати потрошувачи на вода.

Хидротехничка пресметка за водоснабдување појдовни параметри

N_k – корисник
Q_0 – водоснабдителна норма – 250 l/ден
a_1 – коефициент на дневна нерамномерност=1,3
a_2 – коефициент на часовна нерамномерност=1,5

- средна дневна потрошувачка на вода – $Q_{сред/ден}$

$Q_{сред/ден} = N_k \times Q_0$

$Q_{сред/ден} = 187 \times 250 = 46.750\ l/ден = 46,75 m^3/ден$
$Q_{sred/ден} = Q_{сред/ден} / 86.400 = 46.750/86.400 = 0,54\ l/sec$

- максимална дневна потрошувачка на вода – $Q_{max/дневна}$

$Q_{max/дневна} = a_1 \times Q_{сред/ден}$
$Q_{max/дневна} = 1,3 \times 46.750 = 60.775\ l/ден$
$q_{max/ден} = Q_{max/ден} / 86.400 = 60.775/86.400 = 0,70\ l/sec$

- максимална часова потрошувачка на вода – $Q_{max/час}$

$Q_{max\ чаа} = \frac{Q_{max}/дневна}{24} x a_2 = Q = \frac{60.775}{24} x 1,5 = 3.798,44$
$q_{max/час} = Q_{max/час} / 3600 = 3.798,44/3600 = 1,055\ l/sec$

- потребно количество на вода за гасење на пожар – $q_{довод/пож}$

t – времетраење на работа на довод – 24h
t_p– времетраење на пожар – 2h
n – број на истовремени пожари – 1
qпожар

$q_{довод/пож} = \frac{Q_{max}/дневна}{t x 3600} x \frac{n x t_p x q_{пожар}}{24 x 3600}$
$q_{довод/пож} = \frac{49725}{24 x 3600} x \frac{1 x 2 x 5}{24 * 3600} = 0,26 + 0,83 = 1,09\ l/s$

- вкупно количество на вода кое оди во водоснабдителниот систем:

$Q = q_{max} + q_{довод/пож}$
$Q = 1,05 + 1,09 = 2,14\ l/s$

6.8. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на канализационите водови е предвидена да биде под сообраќајниците, со длабина која ќе овозможи нормално опслужување на корисниците. Постоечките водови кои поминуваат низ градежни парцели се предвидуваат да се дислоцираат и постават под сообраќајници. Димензиите на канализационите цевки, со точни отпадни количини на отпадни води ќе се дадат со разработка на ДУП, во проектната документација во зависност од намени, големина на објекти како и технолошките процеси кои ќе се изведуваат.

Исто така треба да се извршат пресметки со кои пресметки ќе се добијат наклони на канализационите цевки.

Отпадна количина на вода

- N_k -краен број на корисници =187
- Q_o-водоснабдителна норма 250/ден/жител
- $К_1$ - коефициент на часовна нерамномерност
- $К_2$ -коефициент на дневна нерамномерност

$$q_{14}=\frac{N_k \times Q_o X К_1 \times К_2}{14\times 3600}=\frac{187\times 250\times 1.6\times 2}{5040}=2{,}96\ l/s$$

Инфилтрирана подземна вода по стручна литература 25-30%

$$Q_{inf}=q_{14}\ x\ 0{,}3=2{,}42x0{,}3=0{,}73\ l/s$$

Вкупна отпадна фекална вода

$$q_{вкупно}= q_{14}+ q_{инф}$$

$$q_{вкупно}= 2.42 + 0{,}73= 3.15\ l/s$$

Специфичен проток

$$\xi=\frac{q_{вкупно}}{\sum F}=\frac{3{,}15}{4{,}55}=0{,}7\frac{l\backslash s}{xa}$$

ΣF- вкупна површина што се одводнува = 4.55ха

6.9. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Местоположбата на атмосферската канализација е предвидена да биде под сообраќајниците. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, во зависност од сливната површина, интензитетот на дождовите и отечниот коефициент.

Отпадните атмосферски води од планскиот опфат од кровните површини на објектите, од површините на улиците, од зелените површини ќе бидат прифатени и евакуирани во атмосферска канализација.

6.10. УРБАНО ЗЕЛЕНИЛО

Се планираат зелени површини во рамките во опфатот и тоа дрвореди на и ниско зеленило поикрај собирната улица „Генерал Михајло Апостолски“, ниско зеленило со дрвја и грмушки покрај новопроектирана пристапна улица и површина од ниско зеленило. Истите се прикажани на соодветните графички приози.

Застапеност на зеленило во граница на една градежна парцела треба да изнесува **мин. 20%.**

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

7.1. Општите услови за изградба се составен дел на Детален урбанистички план за дел од урбана единица ЈИ 01.05од ГУП на Град Штип, Општина Штип

7.2. Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во Детален урбанистички план за дел од урбана единица ЈИ 01.05 од ГУП на Град Штип, Општина Штип.

7.3. Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот, и се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

7.4. Во графичките прилози дадена е максимална висина на градба, која претставува планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.

- Како висина на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри.
- На вертикална рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри.
- Како висината на највисока кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепена пластика) односно на највисока кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.
- Максималната висина на градбите покрај определување во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи.
- Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата.

7.5. Максимална височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри, или вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и највисоката кота на градбата изразена во должни метри.

- Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот завршен ѕид од градбата поставен на градежна линија од страна на лицето на градежната парцела.

- Максималната висина на изградба може да се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите за постигнување на максималната висина за изградба дефинирана со овој план.

7.6. Максимална височина на нулта плоча во однос на теренот - апсолутна кота на тротоарот е 1.20м. Минималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот е 0.15м.

7.7. Висината на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Височина на слеме е планска одредба која се уредува во урбанистички план како височински услов за градење на ниво на наменска зона, уличен фронт, блок или плански опфат односно градежна парцела, но само доколку максималната височина на градење е уредена како височина до горен венец на градбата.

Височина на слеме на кровот на градбата може да се употреби како релативна кота која се мери од котата на горниот венец на градбата и ја претставува висината на кровната конструкција и покривот.

Височина на слеме може да се употребува како планска одредба во урбанистички план и како единствена височинска планска одредба односно како максимална височина на градење или како највисока кота од градбата.

Слеме е највисока точка на кровната конструкција или највисока хоризонтална линија на пресекот на рамнините што го формираат покривот или доколку се работи за едноводен кров тоа е линија на пресекот на наклонетата рамнина на кровот и вертикалната рамнина на фасадата на градбата.

Кога височината се одредува со параметарот височина на горниот венец, височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Доколку во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор, тој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

Во урбанистички план не се планира и обележува потпокривен простор како посебен вид на кат односно поткровје, туку како регуларен кат.

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни баџи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обsидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот

7.8. Во максимална висина на градба, за објекти од планскиот опфат, дадени се катни висини од: П, П+2 и П+5 ката

7.9. Диспозиција на површина за градење во градежна парцела и нејзино растојание од граница на градежна парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите во блокот.

Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи ѕидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,
- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,
- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори поширокиод 18,00 м.

7.10. Градежната линија ја означува границата на површината за градење. Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирање на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

7.11. Градежна линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите:

Во урбанистички план може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела на сосед, не се одобруваат пречекорувања градежната линија со ниту еден вид архитектонски елементи и делови од градба.

Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м.

Секаде каде што градежната линија се поклопува со регулационата линија постои обврска фасадниот ѕид да се постави токму на вертикалната рамнина која е одредена со градежната линија.

Пречекорувања на градежна линија во наведениот случај ќе се регулира согласно:

Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од планот и истите треба да се почитуваат ако со тоа не се нарушуваат другите параметри.

Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, се дозволуваат пречекорувања согласно:

Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања имаат поголема амплитуда на вредности кои се уредуваат во урбанистички план во зависност од околностите за секој плански опфат, четврт или блок, а доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.

При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, по правило нема стандардизирани ограничувања за употребата на архитектонската пластика, при што во случаи кога има за тоа потреба овие ограничувања се уредуваат во општите услови за градење во урбанистичкиот план.

Пречекорувања на градежната линија не треба да излезат надвор од градежната парцела на били која височина над теренот.

7.12. Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површина од градежно земјиште односно делот од градежна парцела кој се предвидува за градење на градба.

Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега без прекин низ две или повеќе соседни градежни парцели.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Доколку во урбанистички план утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на планираната градба е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

Доколку површината за градење од став 1 од овој член опфаќа повеќе од 50% од површината на основата на приземниот спрат на постојната градба во парцелата, и доколку вклопувањето на постојната градба во новопланираната градба е можно и пожелно, во урбанистичкиот план може искористувањето на правото за градење да не е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

7.13. Површина за градење како планска одредба во ДУП ќе се употребува на следниов начин:

-Во урбани подрачја со густа градба површината за градење е вообичаено целосно искористена за градење така што соодветствува со површината на основата на планираната градба,

- При планирање на површини за градење за групата на класи на намени А во урбанистички план квалитетот на домувањето на идните градби зависи од длабочината на површината за градење која го одредува степенот на природна осветленост и проветреност на становите, поради што:

- најквалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 9,00 до 12,00 м,

- помалку квалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 12,00 до 14,00 м,

- домување од уште понизок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 14,00 до 18,00 м,

- домување од неприфатливо низок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока над 18,00 м.

7.14. Диспозиција на површина за градење во градежната парцела и нејзино растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите.

7.15. При калканско спојување на соседни градби, во ДУП-от, се предвидува и калканско спојување на второстепена пластика.

7.16. Оградите на парцелите да бидат усогласени со архитектурата на објектите. Оградата може да има максимална висина од 2,40 метри, со можност за ѕидан дел со висина од мах. 1.80 метри може да биде полна, а над таа висина транспарентна.

7.17. Оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите, од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

7.18. Процент на изграденост на земјиштето, (Р), е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежно земјиште е зафатен со градба. Процент на изграденост на земјиштето, во планот изнесува Р = 52%

7.19. Коефициент на искористеност (К), на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежно земјиште. Коефициент на искористеност (К), во планот изнесува К =2,03.

7.20. Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максималнодозволената висина и површина за градба;

Во зависност од конкретната намена на градбите во граница на градежните парцели во планскиот опфат на ДУП, (во зависност од стандардот на живеење, степен на моторизација, достапност на средства за јавен превоз), потребно е да се обезбедат паркинг места во сопствена градежна парцела.

7.21. Бројот на потребните паркинг и гаражни места и димензионирањето на истите се пресметува според дадените нормативи:

Најмало паркинг место за паркирање на лесни возила за јавни паркинг простори и за сите намени, е со широчина од 2,50 м и должина 5,00 м, освен згради за домување до 10 стана, при што во оваа површина не може да навлегува ниту еден дел од градбата, опремата или инсталациите.

Паркинг местата од ставот кај кои од едната или обете подолжни страни има ѕид, столб или друг вертикален градежен елемент, ограда или опрема, се прошируваат за 0,30 м од страната на вертикалниот градежен елемент, при што кога градежниот елемент е од едната страна паркинг местото се проширува за 0,30 м, додека ако градежен елемент има од двете страни на паркинг местото, тоа се проширува за уште 0,20 м. Ова важи доколку градежните елементи се наоѓаат во првата половина од длабочината на паркинг местото (2,50 м од пристапната површина кон паркингот), а доколку градежните елементи се во зоната на втората половина од длабочината, најмалите димензии на паркинг местото остануваат.

Димензиите на паркинг местото важат за паркирање под агол од 90 степени и тоа доколку широчината на пристапната комуникација до паркинг местото е поголема од 6,00 м. Доколку пристапната комуникација е широка од 5,60 до 6,00 м, паркинг местото се проширува за 0,30 м и изнесува 2,80 м.

Минималната широчина на комуникацијата за пристап до паркинг место за паркирање под агол од 90 степени е 5,60 м.

Минимални димензии на паркинг место за градежни парцели наменети за домување во градби до 10 стана е 2,40 м со 4,80 м, додека најмала широчина на пристапната комуникација до паркинг местото е 4,80 м, но овие две најмали вредности за широчина на паркинг местото и за пристапната комуникација не можат да се предвидуваат заедно истовремено за исто паркиралиште, туку употребата на едната минимална вредност повлекува употреба на поголема вредност на другата.

Минимални димензии за гаража за лесни возила е 3,00 м широчина и 6,00 м длабочина, сметајќи го светлиот простор помеѓу ѕидовите.

Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35 м^2.

Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50 м^2.

Минималните димензии се применуваат при пресметувањето на потребниот број на паркинг места во процесот на изработување и спроведување на урбанистички план и урбанистички проект.

7.22. Начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување осносно за:

А1.1 – станбени куќи слободностоечки

А1.2 – станбени куќи со споени ѕидови на меѓи

А2.2 – слободностоечки згради со двор

зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

7.23. При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 – 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е 2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште.

Паркинг местата за моторциклите, велосипедите со мотор, како и за велосипедите во урбанистичките планови се планираат заедно со паркинг местата за моторни возила, при што во површината на едно стандардно паркинг место за возило се пресметуваат 2 места за моторцикли, 6 места за велосипеди со мотор и 8 – 10 места за велосипед.

Минамални димензии на паркинг место за велосипед изнесуваат: широчина 0,60 м и должина 1,80 м, додека оптимални демензии се 0,75 со 2,00 м.

Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50 м^2

- за станбени куќи од класата на намени А1 потребниот број на паркинг места за велосипеди се утврдува во урбанистички план во зависност од локалните услови и потребите на градбата,
- за станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

Паркинг местата за велосипеди можат да бидат дел од паркинг просторот за моторниот стационарен сообраќај, дел од посебно прошерениот простор во состав на површините за велосипедски сообраќај или дел од пешачкиот простор.

7.24. Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

7.25. Уиците во планскиот опфат спаѓаат во секундарна мрежа на улици која ги опфаќа:

- сервисни улици и
- станбени улици,

Во секундарната мрежа на улици спаѓа и следната некатегоризирана сообраќајна инфрастурктура:

- пристапни улици,
- интегрирани сообраќајни површини и колско-пешачки улици,
- пешачки улици и патеки,
- велосипедски улици и патеки,
- нужни и службени пристапи,

7.22 Во урбанистичкиот план се утврдуваат сите промени на попречниот профил на улицата.

Широчината на сообраќајната лента зависи од категоријата на улицата и планираната пропусна моќ, и нејзината минимална и максимална широчина изнесуваат за:

- сервисна улица 3,00 - 3,25 м
- станбена улица 2,75 - 3,00 м
- индустриска улица 3,50 - 3,75 м

Најмалата широчина на пешачката патека е:

- 1,50м, доколку патеката е одвоена од улицата, во слободен простор односно урбано зеленило,
- 2,40м, доколку патеката поминува помеѓу градежни парцели, и
- 4,00м, доколку патеката е помеѓу градби односно помеѓу граници на градежните парцели што се совпаѓаат со градежни линии.

Најмалата широчина на тротоарите од улиците на градските примарни улични мрежи освен транзитна магистрала е 4,50м, додека за магистралната улица низ село најмалата широчина на тротоарот во услови на неизграден уличен фронт е 2,00м.

7.23. Во предметниот ДУП, потребно е да се обезбедат и уредат системи на зелени инфраструктури во граница на планскиот опфат. Видови и категоризација на зелена урбана која се предвидува се Зелени површини со ограничена намена и тоа дворно зеленило.

7.24. Согласно Закон за зеленило, во граница на секоја градежна парцела е потребно да се обезбеди мин 20% зеленило.

7.25. За непречено движење на лица со посебни потреби, потребно е да се преземат мерки за спречување на бариери во урбаниот простор.

7.26. Однесување на ѓубре ќе биде преку контејнери поставени во посебно изградени боксови предвидени во слободниот простор околу објектите, на места погодни да се дојде со возила за транспорт на истите.

7.27. На предметниот опфат постои културно наследство заштитено со втор и трет степен на заштита.

7.28. Општи насоки за заштита на културното наследство:

- Дефинирањето на режимот за заштита на културното наследство кое е дефинирано како единечно заштитено добро, подразбира обезбедување непосредна заштита на начин кој ќе ги зачува неговите изворни, историски, урбанистичко-архитектонски и естетски вредности и ќе овозможи наменско оспособување на објектите во опфатот за користење и внесување на нови содржини во согласност со современите потреби на стопанските, туристичките, културните и други дејности. На постојните објекти: објект на ул.„Љубен Иванов, бр. 11 и објектот на ул.„Страшо Пинџур, бр. 15 и на новопроектираните објекти во контактната зона не се дозволени никакви интервенции без заштитно - конзерваторска согласност или конзерваторско одобрение издадено од надлежен орган за заштита на културното наследство, во согласност со Законот за заштита на културното наследство. Сите интервенции на објектите се одредуваат според вредностите дефинирани со ревалоризацијата и категоризацијата на објектот и се изведуваат под надзор на надлежниот

конзерваторски центар. Објектите подлежат под заштита од втор степен, а контактната зона е со режим за заштита од трет степен.

- Единечното културно наследство подлежи под режим на заштита од втор степен, каде што непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови кои се однесуваат особено на: Објектот на ул.„Љубен Иванов, бр.11 и објектот на ул.„Страшо Пинџур, бр. 15.

7.29. Зачуваност на културното наследство :

- Зачувуваност на објектите - на ул.„Љубен Иванов, бр. 1 и ул.„Страшо Пинџур,, бр.15 како заштитени добра во изворна состојба со конзервација и санација. Овие интервенции да се извршуваат во согласност со режимот што ќе се пропише за нивна заштита.
- Реализацијата на сите интервенции на заштитеното добро и на уредување на нивните катастарски парцели треба да се спроведува во согласност со процедурата пропишана со Законот за заштита на културното наследство.
- Измени во екстериерот на објектите (габарит, висина, архитектонски детали, распоред на отворите и обработката на фасадите и кровот) не се дозволени освен одредени измени во ентериерот кои треба да озвозможат внесување на нови функции за ревитализација на истите.
- Во дворните места на заштитените добра да нема никакви помошни објекти освен веќе постоечките од северна страна.
- Да се постават патокази кои водат до заштитеното добро.
- Електричните и телефонските инсталации да се подземни и скриени.
- Водоводната и канализационата мрежа да се реши по сите прописи.
- Донесување и спроведување на мерки за противпожарна заштита.

7.30. Право на проектирање, надзор и изведба во заштитна зона на културно наследство:

Правото на проектирање, надзор и изведба е дефинирано со Правилникот за конзерваторски проекти (Сл. весник на РМ бр.44/06) и Законот за градба (Сл. весник на РМ бр.51/05).

Контактната зона за наведените заштитени добра подлежи под режим на заштита од трет степен, каде што непосредната заштита се изведува според општите прописи и посебно пропишани услови кои се однесуваат особено на:

Да се има особено внимание за големината на габаритите и евентуалната можност за затворање на визурите на заштитените добра.

Да се запази постоечката градежна и регулациона линија на постоечките објектите.

Постоечките објекти кои се наоѓаат во контактната зона да ги задржат висините.

Во контактната зона на КП 8345 се дава можност за изградба на нов објект со висина иста со висината на заштитените добра, да се сочува постојна регулациона линија додека габаритот на истиот може да се зголеми, но не поголем од заштитените добра. Надворешниот изглед да ја прати архитектурата на заштитените добра.

Во контактната зона на КП 8323 е дозволена нова градба со можност за зголемување на габаритот „но со минимално растојание од 3 м од оградниот зид на заштитеното добро со КП 8342 и висина не поголема од висината на заштитените добра.

Во КП 8322 е дозволена нова градба со висина не поголема од висината на заштитените добра.

Во контактната зона да не се дозволи изградба на времени објекти и гаражи.

7.31. Користење, презентација и популаризација на заштитеното добро :

Заштитените добра - Објектот на ул.„Љубен Иванов,„ бр. 11 и објектот на ул.„Страшо Пинџур„ бр. 15 во целост и со сите елементи се сочувани од времето кога биле изградени и ден денес привлекуваат внимане меѓу граѓаните.

Овие објекти се единствени примероци во градот со својата архитектура.

Поради местоположбата на двата објекта, историското значање и архитектурата, се дава можност тие да бидат користени како изложбен простор, хотелско сместување или резиденцијален објект и слично за развивање на културниот туризам.

2.Интегрирана заштита, конзерваторски мониторинг :

Интегрираната заштита на заштитените добра е всушност основа за изготвување на заштитно-конзерваторски основи и конзерваторски мониторинг при вградување и реализација на истите.

7.32. Посебни мерки за заштита на културно наследство

Посебните мерки за заштита предвидени со Правилникот за изготвување на заштитно конзерваторски основи (Сл. весник на РМ бр.111/05 год.) член 10, став 1 точка 5 содржат конзерваторски, правни, административни, и други превентивни и корективни мерки какви што се, особено:

Во предметниот плански опфат не се евидентирани археолошки локалитети, така да при случаен наод треба да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културното наследство.

Реализацијата на истражувањето, како генерален поим, покрај изведувањето на самите истражувачки работи го подразбира и документирањето на истражувањето. Тоа треба да се состои од водење на соодветна документација за архитектонски, урбанистички, историско-уметнички истражувања и тоа: дескриптивна, техничка, фото и видео документација. Тие видови документација треба да се изведат на две нивоа и тоа: теренска и финална документација. Документацијата треба да биде изготвена за сите ВИДОВИ, ТИПОВИ И ПОТТИПОВИ добра.

- Неопходни подготвителни мерки за заштита во случај на вооружен судир и природни непогоди и сл. се превземаат за обезбедување на документацијата за заштитените добра и нејзино чување на различни и сигурни места, за подготовка за евакуација за заштитените движни добра, вклучувајќи ги и составните делови на заштитените недвижни добра предвидени за демонтирање, планирање на итни мерки за заштита од пожар, планирање на итни мерки за заштита од рушење, определување на персонал за заштита,особено на стручни и други оперативни тимови и планирање на мерки за безбедносна заштита во случај на вооружен судир и природни непогоди.

- Мерки за заштита од последиците од загадувањето се предвидуваат заради намалување на ризиците од физички оштетувања и други штетни последици врз недвижното културно наследство и неговата непосредна околина забрзани од загадувањето на животната средина и природата.

- Мерки за унапредувањето на квалитетот на животната средина треба да превземат единиците на локалната самоуправата, надлежните јавни установи за заштита и имателите на заштитените добра во околината на недвижното културно наследство. Единиците на локалната самоуправа должни се да превземат мерки за отворените градски и други јавни простори во заштитеното подрачје. Надлежните јавни установи должни се да превземат мерки во рамките на програмите за ревитализација и конзерваторските проекти што ги реализираат.

- Ако имателот предизвика штета на заштитеното добро со употребување што е спротивно на определената намена или со постапување што е спротивно на пропишаниот режим на заштита или ако штетата настаната поради неизвршување, ненавремено или несовесно извршувањена надлежната мерка на заштита, Управата може со решение да го задолжи имателот во определен рок да ја воспостави поранешната состојба или да ги надомести трошоците за тоа. Доколку имателот не постапи според решението во определениот рок, враќањето во поранешната состојба го извршува определената установа за заштита, на товар на имателот.

7.33. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Р.М. треба да се постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/11, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15, 39/16, 11/18).

7.34. Режим на употреба на води во планскиот опфат, начин на испуштање на отпадни материи и загадени води, мора да биде под строга контрола и во согласност со концепт на одржлив развој.

7.35. При изградба на објекти потребно е да се обезбедени заштитни безбедносни растојанија од инфраструктурни објекти и водови (водоводна инфраструктура, фекална и атмосферска канализација) исто така, инвеститор при градба, треба да обезбеди непречен пристап при интервенција за отклонување на дефект.

7.36. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна водоводна инфраструктура, фекална канализација, кои се во функција) а истите представуваат пречка за градба, потребно е истата да се дислоцира на сметка на инвеститор.

7.37. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна електрична мрежа, кои се во функција, а се јави потреба да се дислоцираат, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот.

7.38. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземни интернет и телекомуникациоски водови, кои се во функција, а представуваат пречка во градење, потребно е истите да се дислоцираат во договор со надлежна институција.

7.39. Подземна градежна линија член ја означува границата на градењето под котата на теренот кога таа не се совпаѓа со градежната линија, како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот, во површина не поголема од 80% од површина на градежна парцела.

7.40. За постојна градба за која во урбанистичкиот план не се утврдуваат услови за идна градба, освен реконструкција, адаптација и пренамена во текот на употреба на постојната градба согласно Законот за градење, не се исцртува градежна линија и се задржуваат истите урбанистички параметри за височина и намена, а врз линијата на градбата во геодетската подлога се црта информативна линија со која се означува постојна градба што продолжува да се употребува согласно нејзината намена.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

8.1. Предметниот планскиот опфат зафаќа површина од **25.561,78 м²**
8.2. Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со намена:

- А1.1 - Куќи со двор
- А1.2 - Станбени куќи со споен ѕид на меѓа-двокуќи
- А2.2 Станбено деловни згради
- Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности
- В4.2 - Згради за судската власт-судови
- В5.2 - Џамии
- Е1.8 - Трансформаторска станица

Покрај основната класа на намена, за сите парцели во планскиот опфат со основна класа на намена се предвидуваат компатибилни класи на намена со максимален процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната намена до 40%:

Максималниот дозволен процент на учество на единечна класа на намена во планот во однос на основната класа на намена во планот е: Б1, Д1, Д2- 30%.

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната намена во планот е 40%.

8.3. Посебни услови за сите градежни парцели во планскиот опфат:

8.4.1. Градежна парцела ГП 01

- Намена – В4.2 - Згради за судската власт-судови
- Површина на парцела – 359,48m²
- Површина за градба – 278,40 m²
- Развиена површина за градба – 1.391,98m²
- Процент на изграденост – 77,4 %
- Коефициент на искористеност – 3,87
- Висина на венец–Н= 16,20 m,
- Катна висина – П+4,
- Компатибилна класа на намена: Б1(10%), Б2(30%), Б3(10%), Б4(10%), Б5(20%), Б6(30%), Д1(40%)
- Макс. учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – 40%
- Висина на кровна конструкција – мах. 4,50 м.
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Кота на нулта плоча - max 0,2 m
- Место на паркирање - во парцела
- Влез во парцела - од ул. ,,Генерал Михајло Апостолски"
- Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максималнодозволената висина и површина за градба
- Начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување осносно за: В4-Јавни институции: 1 паркинг место на 5 вработени плус 10% но најмалку 2 места,

- Потребниот број на паркинг места за велосипеди за В2-Јавни институции се уредува во урбанистички план врз основа на препорачаниот стандард од 1 паркинг место за велосипед на секои 10 вработени и/или на секои 10 корисници на институцијата, но потребниот број се уредува во планот во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,
- При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 – 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е 2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште
- Дозволени пречекорувања ќе бидат по цела должина и широчина на објектот, но не повеќе од 80% од вкупната површина на фасада.
- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило.

8.4.2. Градежна парцела ГП 02

- Намена – В4.2 - Згради за судската власт-судови
- Површина на парцела –2.986m^2
- Површина за градба – 1.173,46 m^2
- Развиена површина за градба – 5.867,29m^2
- Процент на изграденост – 39,30 %
- Коефициент на искористеност – 1,96
- Висина на венец–Н= 16,20 m,
- Катна висина – П+4,
- Компатибилна класа на намена: Б1(10%), Б2(30%), Б3(10%), Б4(10%), Б5(20%), Б6(30%), Д1(40%)
- Макс. учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – 40%
- Висина на кровна конструкција – мах. 4,50 м.
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Кота на нулта плоча - max 0,2 m
- Место на паркирање - во парцела
- Влез во парцела - од ул. ,,Генерал Михајло Апостолски”
- Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максималнодозволената висина и површина за градба
- Начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување осносно за: В4-Јавни институции: 1 паркинг место на 5 вработени плус 10% но најмалку 2 места,

- Потребниот број на паркинг места за велосипеди за В2-Јавни институции се уредува во урбанистички план врз основа на препорачаниот стандард од 1 паркинг место за велосипед на секои 10 вработени и/или на секои 10 корисници на институцијата, но потребниот број се уредува во планот во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања,
- При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 – 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е 2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште
- Дозволени пречекорувања ќе бидат по цела должина и широчина на објектот, но не повеќе од 80% од вкупната површина на фасада.
- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило.

8.4.3. Градежна парцела ГП 03

- Намена – Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности
- Површина на парцела – 328.39 m^2
- Површина за градба – 234,04 m^2
- Развиена површина за градба – 729,12 m^2
- Процент на изграденост – 74,01 %
- Коефициент на искористеност – 2,22
- Висина на венец – Н= 10.40 m,
- Катна висина – П+2,
- Компатибилна класа на намена: А2(20%), А3(20%), Б4(20%),
- Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е 40%.
- Макс. учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – 40%
- Висина на кровна конструкција – мах. 4,50 м.
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Кота на нулта плоча - max 0,2m
- Место на паркирање - во парцела
- Влез во парцела - од ул. ,,Генерал Михајло Апостолски''
- Потребниот број паркинг места ќе се утврди во зависност од специфичните потреби, локација и услови во во која спаѓаат градбите. Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места ќе биде услов за изградба до максималнодозволената висина и површина за градба.
- Начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети Б1 – Мали комерцијални и деловни дејности - За продавници, дуќани и сл.: 1 паркинг место на 100 м2 од вкупно изградената површина,

- Потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања
- При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 – 30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е 2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште
- Се дозволува подземна градба.
- Дозволени пречекорувања ќе бидат по цела должина и широчина на објектот, но не повеќе од 40% од вкупната површина на фасада.
- Потребно е да се обезбеди мин. 20% зеленило.

8.4.4. Градежна парцела ГП 04

- Објектот спаѓа во недвижно културно наследство, но истиот не подлежи на мерки на заштита.
- Намена – А2.2 – Станбени деловни згради
- Површина на парцела – 566,42 m2
- Површина за градба – 451,06 m2
- Развиена површина за градба – 729,12 m2
- Процент на изграденост – 79,63%
- Коефициент на искористеност – 4,78
- Висина на венец – Н=19,50м
- Катна висина – П+5,
- Кота на нулта плоча: 1,2m
- Компатибилна класа на намена: Б1(40%), Б2(30%), Б4(20%)
- Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – 30%.
- Макс. учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е 40%
- Висина на кровна конструкција – мах. 4,50 м.
- Тип на кров - кос, рамен, мансарден
- Кота на нулта плоча - max 1.2m
